УДК 316.334.2

Милева ЃУРОВСКА

# ПОГЛЕД НА ДЕФИНИРАЊЕТО НА ТРУДОТ ВО СОЦИОЛОГИЈАТА

Трудот како чин на создавање не му е својствен само на човекот. Таква особина поседуваат и некои други животински видови, кои во одредени облици на поделба на трудот, организација на трудот или хиерархија го надминуваат човекот. Исто така, современите техники и методи на фотографирање и снимање овозможија да се продре подлабоко во животинските заедници кои по својата организација понекогаш наликуваат на човековото општество. Кога се презентира таква слика на животинските заедници не ретко кај човекот се јавува скептицизам во однос на тоа, од причини што тие се прикажуваат така како што човекот сака да ги прикаже. И покрај тоа, побудува интерес сознанието за стабилни и повторливи односи што постојат кај животинските заедници кои се споредуваат со одредени облици на човековото живеење. Меѓутоа, и покрај сличностите што постојат меѓу животинските заедници и човековото општество, постои една голема, може да се каже ненадминлива преграда, која го одвојува човекот од најсовршениот животински вид.

Меѓу многуте белези, според кои се повлекува дистанцата меѓу животинските заедници и човековото општество, како најбитен се смета трудот, односно начинот на кој човекот се однесува во природата и начинот на кој животинските видови се однесуваат. И тогаш кога се зборува за труд кај животните тоа е начин на прилагодување во природата без да остави повидливи траги и промени во истата.

Човекот се однесува спрема природата поинаку. Тој создава нешта кои во природата во тој облик не можат да се најдат. Така, човековиот труд во определбите претставува одреден однос меѓу човекот и природата.

Во врска со трудот, одреден како однос меѓу човекот и природата, се наметнуваат повеќе размислувања кои ќе бидат изложени во натамошното излагање.

За трудот како специфичен однос меѓу човекот и природата доста опширно пишува К. Маркс во многу свои дела. Може да се каже дека марксовите дефиниции за трудот биле доминантни во ова столетие. И денес во анализите на трудот неизоставно се

присутни марксовите ставови, тогаш кога се поддржуваат и тогаш кога се критикуваат.[1]

За Маркс трудот е нужност, неопходен услов за човековиот опстанок и темел на човековата заедница — општество. Нужноста е конституирана во рамките човек — природа каде што човекот ја менува природата, се разбира преку трудот, и ја прилагодува кон своите потреби. Така човекот дејствувајќи кон и во природата не само што ја менувал неа, туку се менувал и себе си. Човекот станал специјален род т.н. sui generis кој преку трудот создава посебна состојба на своето живеење, творби кои во својата севкупност чинат посебна околина примерена за човечкиот живот која доминира на планетата.

Марксовото толкување на трудот се јавува во епохата на индустријализмот и тоа во фазата на веќе цврсто заснован индустриски систем со сите свои обележја. Индустријата му даде посебни карактеристики на трудот кои во претходните епохи беа непознати. Една од позначајните карактеристики на трудот во овој период е неговата масовност, неговата сконцентрираност со што трудот и доби посебно значење за човековиот живот. Ова дотолку повеќе што милиони луѓе живееја само од својот труд, со што тој навистина стана централна категорија во општеството. Со оглед на тоа марксовите определби на трудот го носат печатот на тоа време и општествените збиднувања во тој период.

Расправата за трудот како однос меѓу човекот и природата не почнува со Маркс. Таа идеја се јавува доста рано, уште со првите размисли за човековиот труд.

Во раните периоди на човековата историја кога човекот бил природно разместен по земјината топка, односно се бавел со земјоделство применувајќи примитивен рачен алат во секој поглед доминирала природата. Голем дел од содржината на трудот тогаш бил прилагодување на човековата дејност спрема природните процеси. Тогаш за човекот природата била сурова и не секогаш одговарала на потребите. Во тој период односот човек — природа се одразува низ религиозни верувања, магиски обреди, митови и сл., со што се настојувало да се придобие наклоноста на природата, да се скротат природните сили и да се насочат кон човековите потреби и желби. Човекот бил немоќен во однос на моќната природа која дава и зема.

На природата како сила на која ѝ се припишува голема духовна можност пристапува и Хегел. Во односот меѓу човекот и природата, според Хегел, природата е активна, таа поттикнува на активност и ги одредува границите на таа активност. Доколку човекот и самиот не е природа се должи на тоа што тој има моќ да ја сфати и осознае природата. На тој начин идејата по себе станува идеја за себе. Механизам преку кој се остварува интернализација на идејата е дијалектиката меѓу Господарот и Слугата што се прет-

[1] К. Маркс, „Капиталот“ том III, — Култура, Скопје стр. 390.

ставени како одредена симболика преку кои Хегел го дефинира трудот. Имено, Слугата има допир со околината, тој опипува, прима, перцепира сетилни сознанија и информации од кои подоцна настанува идејата откако Слугата ќе ги пренесе тие сознанија на Господарот.

За односот човек — природа од периодот на индустриската револуција до денес е многу расправано. Индустријализмот наметна нов однос на човекот спрема природата, поточно ја елиминира природата од животното средиште на луѓето. Тој луѓето ги смести во градовите, а трудот го смести во фабричките хали. Во овој период настана диференцијација меѓу трудот и природата, врската меѓу нив не е веќе директна како што беше во минатите периоди, туку станува посредна. Природата во облик на разновидни предмети на трудот се внесува во фабриките, затворени простории исполнети со машини и луѓе чија основна функција е производството.

Во фабриките природата се преобликува, преработува, менува според одредени човечки критериуми, потреби или желби. Машината со тоа што поседува голем енергетски потенцијал и ритмичките повторувања на операциите кои се одредени од механичките закони, се чини како да ја голта материјата. Можеби токму од ваквата содржина на трудот во индустрискиот систем произлегува и определбата на трудот како однос меѓу човекот и природата, каде човекот ја менува природата, преобликува, искористува и прилагодува на своите потреби.[2] Овде природата е прикажана како пасивна, како објект кој постои само за тоа да му служи на човекот.

Покрај определбата на трудот како однос меѓу човекот и природата, што се јавува како генерална релација, во марксистичката теорија се јавуваат и други определби на трудот кои се во функција на рационализација или операционализација на тој однос. Така, како определби на трудот се јавуваат повеќе филозофско-антрополошки определби, односно филозофско-антрополошки нијанси на овде т.н. генерален однос меѓу човекот и природата.

Една од дефинициите за трудот со која се дополнува сликата за човековиот труд е трудот како генеричка суштина на човекот. Како што, на пример, дрвото по својата структура може да служи за правење на маси, полици итн.,[3] така и човекот со целокупната своја структура е предодреден да работи. Трудот на човекот овде претставува вид употребна вредност на човекот, како што би рекле економските, или како вроден инстинкт преку кој човекот се самоостварува, на што укажуваат психолозите.

На иста линија стои и определбата на трудот како чин со кој се создаваат такви творби во природата со кои човекот станува господар на целокупниот жив свет на планетата. Функционерите на индустрискиот систем тој процес го нарекуваат хуманизација на природата, а околината во која човекот живее хумана околина, пи-

[2] К. Маркс, „Капиталот“ том I, стр. 130.

[3] E. Fink, »Osnovni fenomeni ljudskog postojanja«.

тома и безопасна за луѓето. Така човекот преку својот труд ја надминал првобитната сурова природа, непозната и со тоа нечовечка околина.[4]

Човекот, исто така, создал моќни инструменти, негови продолжени раце со кои станал најмоќно живо суштество на Земјата. И како Е. Финк во однос на тоа ќе рече, што е во однос на човекот вооружен со некое разорно оружје само еден обичен лав.

За да се истакне човекот како активно суштество наспроти природата која е пасивна и непроменлива, човековиот труд тесно се поврзува со слободата. Човекот создавајќи, преку својот труд, ја надминува и сопствената природа, ја надминува нуждата и непосредната принуда што го оддалечува од животинскиот свет. Во склад со тоа, човекот може да ја планира сопствената активност, да поставува цели на својата сегашна или идна активност, да делува според своите афинитети и расположенија итн. Слободата е и кога човекот се восхитува на своето дело. Човековите творби предизвикуваат чувство на победник и самозадоволство. Таков е на пример случајот со египетските пирамиди. Според некои историчари на трудот, покрај религиозниот мотив при нивното градење, како мотив го истакнуваат и чувството на победник што човекот го посакува. Градењето на вештачка планина е пркосење со природата, тенденција истата да се надмине. Навистина ваквите градби предизвикуваат чудење, а и денес нивното градење би бил голем потфат и покрај современите техники со кои располага човекот.

Како суштина на трудот се истакнува и здружувањето на луѓето во процесот на трудот. Во процесот на трудот редовно доаѓа до воспоставување на одредени односи меѓу луѓето кои се основа за сите други односи што луѓето ги воспоставуваат во своето целокупно живеење. Во епохите што му претходеле на капитализмот, односите меѓу луѓето во процесот на трудот не биле развиени. Дотогаш доминирале патријархалните односи и не постоеле строго издиференцирани односи во сферата на трудот, туку испреплетеност на сите облици на човековото живеење. Меѓутоа, сепак сферата на трудот има големо значење во формирањето на односите меѓу луѓето. Се наведува и ставот дека трудот е праосновата од која потекнуваат различни облици на заедништво како што се семејството, селото како локална заедница итн. Додека човекот ја остварувал својата егзистенција преку собирање готови плодови во природата и се засолнувал во самата природа, не постоеле издиференцирани односи, ниту постабилни заедници. Кога човекот почнал да се занимава со земјоделство и сточарство, изградил живеалишта и се оформил како група, односно како село, племе и сл.

Историјата на човековиот труд е историја на односите помеѓу луѓето и обратно. Не е случајно што одредени одвоени целини во историјата на човештвото, без оглед како тие ќе се наречат, епохи,

[4] Isto.

општествено-економски формации итн., го носат името на трудот што доминирал во тој период. Така доаѓа робовладетелството, феудализмот, капитализмот па и социјализмот.

Кога станува збор за заедништвото на луѓето во процесот на трудот, може да се каже дека индустријата, со за неа иманентните процеси како што се централизација, концентрација,синхронизација и др., заедништвото во процесот на трудот го подигна на степен на закон. Индустријата го поопштествува трудот до невидени размери. Човековиот труд сега е разделен на многу активности и нив не ги обавува еден човек туку стотици или пак илјади луѓе. Така луѓето во фабриката беа поврзани меѓу себе во еден единствен синџир и секој зависен од секого во извршувањето на сопствената операција. Овде се работи за системски облик на заедништво каде што луѓето се поврзани по одредени механички принципи, поврзани се само како различни функции на еден механизам кој е целосен, силен, со што човекот станува случајност во еден таков колективитет, односно заедништво.

Постојат уште мноштво определби на трудот, што укажува на тоа дека неговото дефинирање не е едноставно. Како прво, тоа доаѓа оттаму што тој се јавува во многу разновидни облици. Труд е она што прави копачот, пекарот, математичарот, министерот итн. Проблемот е во тоа како ќе се извлече заедничкото во толкавата разновидност, во толкавата разноликост на резултатите од трудот. Оттаму, за секое подрачје во стварноста се оформува соодветна дефиниција како на пример трудот во економијата, трудот во физиологијата, механиката, социологијата итн. кои дефиниции не се предмет на оваа анализа. Тешкотиите во дефинирањето на трудот произлегуваат и од неговиот променлив карактер и содржина. Содржините на трудот како резултат на промените што ќе настанат во сферата на техниката, организацијата на трудот и сл. постојано се менува. Така на пример, некои теоретичари денес сметаат дека човековиот труд е во исчезнување и дека улогата што трудот ја имал во минатото ја преземаат совршените машини, автомати, роботи, компјутери итн.[5] Веројатно човекот во прединдустриските цивилизации би го помислил истото кога би ја посматрал парната предилница или сигналните уреди на некоја електрана.

Ако посматрачот се наоѓа на многу високо рамниште и оттаму определува што е тоа труд, тогаш навистина може да се создаде идеална слика за трудот. Од таа гледна точка може да ги види творбите на човековиот труд, да го возвеличува човековото царство во природата, човековата ослободеност од природната нужда итн. Но од тоа гледиште не може да го види човекот, конкретниот човек кој оди по земјата, како се чувствува, каде работи и со кого, каков е неговиот израз на лицето. На највисоко ниво на набљудување трудот како да добива самоегзистенција која не зависи од самиот

[5] Вакво сфаќање се јавува кај заговорниците на т.н. постиндустриско општество, посебно кај А. Горц, Т. Турен, А. Тофлер итн.

човек. Таков труд како нешто општо во стварноста не постои, како што во стварноста човек како нешто општо не постои. И покрај моќта што ја има човекот да создава слики за нешто што во стварноста не постои кога се работи за трудот, неопходно е тој секогаш да биде поврзан со конкретниот човек од чија што намера, желба, цел, мотив произлегува тој.

Кога во анализата на трудот се поаѓа од рамниште на самиот труд, тогаш идеалната слика за трудот исчезнува. Од оваа гледна точка трудот сè помалку изгледа како слобода, како моќ на трудот, како самоостварување на човекот. За милиони луѓе денес, а такви низ историјата се неизброиви, трудот бил само гола, физичка егзистенција.

Како аргумент против таквото тврдење се наведува фактот дека современата техника и технологија имаат тенденција кон сè поцелосно ослободување на човекот од напор, како од физички така и од психички напор. Се смета дека современите средства за работа што ги создал човекот не само што ќе го олеснат неговиот труд, туку и ќе го заменат во оваа значајна област за која е поврзан голем дел од човековиот живот. Меѓутоа, уште со појавата на трапетумот, направа за толчење на маслинките во античкиот период, тогашниот мислител заклучил дека на оној човек што ја подвижува оската на таа направа за десет пати му е отежнет трудот. Оттука, може да се заклучи дека техничкиот прогрес е во правец на елиминирање на голем дел од човековиот труд од производството, но не и да го олесни трудот на оние што него го извршуваат.[6]

Што се однесува до човековите творби и содржините на она што се нарекува човекова цивилизација и тука не е сè идеално. Покрај творбите со кои се воздигнува човекот како рационално суштество и со кој го возвеличува своето царство на земјата, постојат и многу ирационални нешта со кои човекот се сврстува како најагресивен жител на земјата. Дали човековиот труд навистина е само создавање, ако повеќе од половина на трудовиот потенцијал е ангажиран во производството на оружје и други воени помагала. Која е творечката сила на науката во оние земји во кои се величи научно-техничкиот напредок кога првобитната цел на таа наука е поставена од гломазните милитаристички формации со кои почнува да се мери и степенот на развиеноста на една земја.

Паралелно со историјатот на човековиот труд, како една прогресивна тенденција во развојот на човештвото, оди уште една историја, а тоа е историјата на исчезнатите цивилизации и култури, историја на војни и уништувања. Така дел од подрачјето на трудот е наменето токму кон тоа да се завладее со луѓето.

За човекот, природата не е веќе тајна. Може да се каже дека човекот владее со природата до нејзините најглобални размери и до нејзините најситни честици. Меѓутоа, за односот меѓу човекот и природата не постојат соодветни сознанија. Методите што се применуваат во природните науки не можат да дадат една интегрална

[6] Istorija rada, »Globus«, Zagreb, 1983 god.

слика. Механичкиот спој на тесно специјализираните подрачја што се нудат како сознанија за човекот и неговото содејство со околината што го окружува не е на патот да даде задоволувачки сознанија. По тој повод човекот трага по сознанија, по старите кинески или индиски учења за човекот и природата кои можеби повеќе расправале за овие проблеми на кои денес бара одговор современата наука.

Mileva GJUROVSKA

## A VIEW ET DEFINING LABOUR IN SOCIOLOGY

(S u m m a r y)

The text is about the definitions of the work in sociology. The general definition in the sociology is the Marx's definition of the work. Marx defined the work more than a hundred years ago like a reflex of the industrial relationships and their developement.

That definition isn't accomodate with nowadays situation in this area.

That is the reason I try to show the changes which must be in the sociology of work.

УДК 378.4:316.73

Ѓорѓе МЛАДЕНОВСКИ

# УНИВЕРЗИТЕТОТ И РЕВИТАЛИЗАЦИОНИОТ ПРОЦЕС

Нашата немоќ, но и отсуство на автентичен и артикулиран колективен напор, во процесот на иновирање на нашиот социокултурен систем да ги осуетиме и елиминираме дисфункционалните и патогените тенденции во него, а пред сè немоќта да се запре агресивниот поход на национализмот, е главната причина за дезорганизација и речиси ентропија на досегашниот културен Gestalt. „Националната стварност“ ја деградира идејата за братство и единство, круцијален параметар на нашата симболичка рамка на перцепција и ориентација во социјалниот универзум и доведе до длабока аксиолошка криза. Процесот на дезорганизација кулминира во драматична кризна ситуација која во психологијата на културна промена е означена со синтагмата „дилема на имобилност“, која може да потрае со години и доколку не се разреши може да прерасне во хронична корозивна ситуација со далекусежни негативни ефекти врз сите аспекти на социокултурниот живот, а пред сè врз развојот на персоналните структури.[1]

Бихевиоралната секвенца „дилема на имобилност“ е последица на дејствувањето на психолошкиот принцип на конзервација на когнитивните структури и има фундаментално значење за секоја теорија за културна стабилност и културна промена. Нејзината суштина се изразува во чувството на анксиозност кое ги зафаќа поединците, а резултира од евидентната неадекватност на одделни концепти и во одбивањето на поединците да ја прифатат загубата на „старата“ култура, затоа што не се конструирани видливо супериорни супститути за неа. Зафатени со „виорот“ на таквите дилеми поединците емоционално се врзуваат за „старата“ култура, плашејќи се дека ако напуштат некои нејзини делови нивната егзистенција ќе биде помалку извесна и значајно посиромашна.[2]

Разрешувањето на нашата дилема на имобилност е можно на повеќе начини, но со оглед на нашите надворешни и внатрешни констелации и со оглед на нашата иднина, само еден е продуктивен

[1] Anthony F. C. Wallace: Culture and Personality, New York, Random House, 1970, str. 204.

[2] Ibidem, str. 203—204.

и само еден ќе ни овозможи достојна средба со XXI век. Тоа е ревитализацијата, процес сфатен како длабоко промислена културна реорганизација на нашето општество во текот на кој ќе се трансформира досегашниот blueprint на нашето живеење и ке се стабилизираат нови чувствени и когнитивни конфигурации во кои ќе биде зачувано и попотполно изразено тивкото и длабоко барање за почитување на поликултурното и човечко богатство на овие простори, но кои ќе бидат отворени кон генеричките и општите проблеми на живеењето без што нема можност поединците да образуваат „пошироки идентитети“ кои се претпоставка за нивна активна партиципација во едно поликултурно и полиетничко општество.

*

* *

За успехот и доследноста на ревитализациониот процес мора да се ангажираат битните творечки потенцијали на нашето општество. Во врска со тоа веднаш се поставува, за нас, централно прашање: каква е улогата на универзитетот во тој процес? Несомнено универзитетот како место на „церебрална светлина“ на едно општество (cerebral blaze of reality) и како негово творечко јадро ќе има истакнато место и улога во напорите доследно да се реализира програмата за длабока и промислена реорганизација на нашиот социокултурен живот. Но мора веднаш да се потенцира дека неговата улога и значење во однос на другите агенси во тој процес не смее да се сведе само на тоа тој да биде негов ефективен катализатор, туку тој мора да е и активен креатор и формулатор на смислата и значењето на новиот код на нашиот живот и нашиот однос со светот.

Меѓутоа, со оглед на тоа што универзитетот не остана поштеден и неафициран од тенденциите кои ја трауматизираат нашата антропосоцијална стварност, легитимно е да се посомневаме дека тој со својата сегашна структура и организација, како и со својот етос, ќе може да биде значаен фактор на промоција на ревиталистичкиот процес.

За да одговори на предизвиците со кои се сретнуваме во барањето нови темели и начела на нашата егзистенција и за да биде активен учесник во тој процес на формулирање на новиот културен Gestalt, универзитетот мора најпрвин да изготви нов концепт за себе и за своето место и улога во животот на една култура. Суштината на ова барање по наше мислење најдобро го изразува концептот на универзитетот како *екстрасоматски отворен програм*.

Како еминентно културолошка појава универзитетот е на нужен начин екстрасоматски феномен, односно специфично организирана посебна целина која, како впрочем и нејзините структурални елементи (факултетите и академиите), има своја иманентна логика на развој и функционирање. Во ова одредување на поимот екстрасоматски е инволвирана и традиционалната идеја на автономија на

универзитетот, односно постоење на посебна мотивација, свесен избор на алтернативи, самоорганизација и планирање на својата акција врз основа на веќе стекнатото искуство и визија за светот, општеството и човекот.

Вториот дел од нашата основна метафора и концепт за универзитетот, поимот отворен програм, ја изразува неговата динамичка комплексна и активна интеракција со другите феномени и процеси во општеството, но и заемната активна интеракција на посебните програми вклучени во него.

Универзитетот конституиран како екстрасоматски отворен програм треба да претставува таква функционална целина која ќе овозможува складирање и брзо пренесување на научно релевантни податоци и информации за процеси и појави од егзистенцијално значење за човекот и општеството, која исто така ќе дава планови и упатства за брза и адекватна реакција на промените во сите подрачја на светот на животот, истовремено обогатувајќи го и проширувајќи го нашето световно доживување и кругот на нашите можни искуства.

Како и секој програм и универзитетот содржи повеќе посебни програми кои се во заемна интеракција. Специфичните функции на посебните програми уште повеќе се потенцирани во новиот концепт. Едни програми се во функција на одржување и олеснување на животот (одржување на генетичкиот полиморфизам и плурализам како претпоставка за биолошкото здравје на популацијата). Вториот вид програми создава „апарати за живот", средства и механизми кои ги обезбедуваат технолошките услови за егзистенција, но и ги стандардизираат социјалните процедури за да се задоволат потребите на општеството за функционална конзистенција. Третиот вид програми го овозможуваат „изразувањето на животот" односно изразувањето на интринсичките капацитети на човечката природа и го снабдуваат нашиот живот со вредносни рефренци кои овозможуваат да ги формираме нашите „персонални онтологии" и да дојдеме до заедничка дефиниција на ситуацијата, во која нагласката е на тоа за што е вредно да се живее, а не самото живеење. Затоа овој вид програми има суштинско значење во градењето нови конститутивни патишта на нашиот живот. Овој аспект на универзитетот како екстрасоматски отворен програм, бидејќи во себе ги вклучува сите активности и процеси кои го конституираат прегнантното одредување на културата како начин и процес на човековата самореализација, со право може да го означиме како *фокус на кристализација* или *епитом* на културата на едно општество.

*

* *

Неоспорен е фактот дека својата полифункционалност универзитетот не може да ја остварува без одредени социјални преrеквизити, вклучувајќи ги и материјалните средства што ги обезбедува

општеството. Во тој поглед, иако битно екстасоматски феномет, универзитетот не може да ги трансцендира општите рамки кои ги одредуваат основните животни услови на едно конкретно општество. Меѓутоа, исто така битна претпоставка за постоењето и функционирањето на универзитетот, всушност за секое вистинско творечко збиднување е постоењето на „поле на опуштеност", посебна духовна клима и ситуација, лишена од секоја присила и притисоци на стварноста и во која делува посебна автономна мотивација која не е раководена од принципот на брза и непосредна корист.

Хагиографијата на науката, на научните откритија и изуми, илустративно го поткрепува ставот дека консеквентно „бескорисно" чисто истражување индиректно е нешто најкорисно. Теоретските откритија во физиката, откритијата на Х. Херц, Галвани, Г. Галилеј, да наведеме само некои, до кои е дојдено без да се има на ум нивниот непосреден практичен ефект, недвосмислено зборуваат дека во науката (како и во другите облици на творештво посебно најсублимираните), најдобри резултати се постигнуваат ако „се култивираме за волјата на цутењето на науката".[3] Оној кој е заинтересиран за непосредната инструментална вредност, кој трча по непосредна практична корист, може да биде сигурен, како што поодамна забележал познатиот научник Хелмхолц, дека ќе трча попусто.

Ангажманот за волјата на цутењето на науката и пошироко на универзитетот треба да почне веднаш и да биде траен. Во тој поглед полето на опуштеност не може да го третираме како некоја „метемпиричка" цел на чие остварување ќе почнеме да работиме откако ќе ги разрешиме противречностите на нашето живеење, или пак обезбедиме нормално функционирање на новиот концепт на универзитетот. Всушност, постоењето на полето на опуштеност претставува битно средство за реализација на новиот концепт и затоа сме должни, веднаш, сега и овде, творечки да ја изнаоѓаме, искусуваме и доживуваме неговата содржина и смисла.

*

* *

Успехот на потфатот за кој се подготвуваме е во непосредна врска, и во голема мерка зависи од промените во другите слоеви на културата. Пред сè, неопходно е реконфигурирање и во одредена мерка реконструирање на самите „лимбички" слоеви на културата, на нејзината „хипоструктура". И покрај обидите за сузбивање и обезличување на содржината на оваа „подземна река" на секоја култура, таа и понатаму персистира и со своите имплицитни вредности го одредува и структурира животот и поведението на луѓето. Дефинитивна деколонизација на нашиот свет на животот од овие вредности не е можна поради нивната врска со биолошко-инстиктивната димензија на човекот, но и непожелна, па дури и штетна,

[3] Alfred Kühn; цитирано во Konrad Lorenz: Temelji etologije, Zagreb, Globus, 1986, str. 363.

со оглед на тоа што целокупниот тој „систем на архаични наследства“[4] опфаќа расположенија, искуства и идеални содржини кои имаат и автентична хуманистичка содржина. Меѓутоа, инфузија од вредности со поголем и подлабок хуманистички коефициент, ќе придонесе да се неутрализираат и изолираат инфраткивата кои се генератори на потреси и конвулзии, или барем да се „пломбираат“ изворите кои го контаминираат нашиот живот и нашите односи со другите.

Потребно е, исто така, деколонизација на подрачјата во кои функционалната рационалност и функционалните постулати имаат одлучувачки збор. Сите тие промени во највиталните аспекти на нашата секојдневна егзистенција треба да создадат услови за вредна сегашност без која нема да се роди вредна иднина. Разните еднодимензионални пристапи, меѓу кои денес посебно се истакнува техноеконократскиот и нациократскиот, за кои е суштинска „идејата за ефециентна организација на колективното самоодржување“,[5] не земајќи ги предвид другите димензии на нашата сложена социјална стварност, не ни даваат човечки вредна сегашност. За таквата сегашност, за културниот Gestalt кој ќе биде адекватен на неа е потребно, како што видовме, нешто повеќе од тоа што го нудат разните еднодимензионални и редукционистички пристапи.

*

* *

Проблемот на промената на општествената стварност, меѓутоа, не го препоставува само фактот на нејзината полидимензионалност и не имплицира само прашање на мерки и средства кои треба да бидат конгруентни со поставената цел. Секој обид да се афирмира нов пожелен тип на социокултурна егзистенција и истиот теориски да се артикулира, на нужен начин не соочува со прашањето на човекот и неговата природа. Одговорот на ова фундаментално прашање секогаш има практични консеквенции за човековите постапки, односно секогаш сугерира и охрабрува еден или друг тип на поведение и активност, често пати со долгорочни импликации од аксиолошки карактер врз целокупниот распон на човековиот живот.

Од едно поопшто становиште разбирањето на човекот и неговиот свет денес станува „предуслов за опстанокот на самиот наш вид“ и затоа универзитетот не може да остане индиферентен кон тој проблем. Напротив, разбирањето на човекот треба да биде „централна цел на универзитетот и извор на неговата релеванција за општеството“.[6] Но по наше мислење, универзитетот во однос на прашањето за човекот, има уште една суштинска задача. Тој мора да се ангажира во изградувањето на сликата за човекот или „идеја за

---

[4] Massimo Canevacci: „Hipostruktura: beljeske za dijalektičku ‚trijadičku' antropologiju“, Marksizam u svetu 1987/5—6, str. 165.

[5] Otfied Höffe, цитирано во A. Šarčević (Ed.), Filozofija modernog doba, Sarajevo, V. Masleša, s. 1986 str. 388.

[6] Leon Eisenberg: „The Human“ Nature of Human Nature: во A. Montague (Ed.), Man and Aggression, London, Oxford, University Press, 1973, str. 53.

човекот", која како што забележал Спиноза, „е како модел за кој можеме да размислуваме" но која е достојна на неговата иднина и иднината на светот. За таа цел, од перспективата на модерната антропологија која тендира да го разбере и објасни тоталитетот на специфичната човечка положба и неговата култура како нејзин суштински ингридиент, би сакале да сугерираме две меѓусебно поврзани идеи чие пропагирање и елаборирање ќе биде круцијална задача на универзитетот. Интензитетот на ширењето и длабочината на проникнувањето на нашата социокултурна стварност со овие идеи, како и степенот на нивното амалгамирање од душите на луѓето, ќе го одреди квалитетот на ревитализациониот процес. Првата идеја е човекот како битно отворено суштество, а втората, културата како интервенција на „супстанцијалната рационалност" во сите подрачја на општествениот живот.

Иако самата идеја за човекот како битно отворено суштество е мошне стара, таа дури во современата антропологија добива темелно значење за човековото саморазбирање и разбирањето на светот. Во светлината на резултатите на поновите антрополошки истражувања поставката на класичната метафизика omne est qua ens omni modo determinatum est (секое суштество е дотолку и до тој степен стварно доколку е одредено како сестрано), се покажува релевантна и за разбирањето на човекот. Меѓутоа за модерната антропологија е суштинско прашањето зошто човекот не успева да го организира и доведе до полна реализација својот инхерентен потенцијал за една специфична „космологија на индивидуалноста"? Зошто го жртвува тој, можеби, најдистинктен белег на својот онтолошки статус за одредена сигурност во една специфична социокултурна средина?

Една од најголемите загатки на човечкиот феномен, пишува истакнатиот современ американски антрополог, е несомнено фактот што почнуваме со „природен equipment да живееме илјада различни начини на живот, но на крајот завршуваме живеејќи само еден".[7] Парадоксално, човекот битно версатилно и космополитско суштество станува заробеник на одреден круг на човечка егзистенција, на едно место, една одредена култура, неспособен да го трансцендира нејзиниот ограничен хоризонт и да воспостави умна комуникација со другите модалитети на човечката егзистенција, со другите симболички рамки на перцепција на светот. Со време стануваме слепи и глуви за плеромата на животот, за светот околу нас и за светот на оној другиот, за сопствениот логос и за логосот на природата и го приведуваме кон крај своето постоење нарцисоидно заљубени во сликата на сопствената култура и својот етнички колективитет.

Иако таа конститутивна слобода и отвореност на човекот е од фундаментално значење за самиот постанок на културата и за целокупниот процес на очовечување, во досегашната историја се ретки културите кои го охрабрувале или пак свесно насочувале изразу-

[7] Clifford Geertz: The Interpretation of Cultures, Hew York, Basic Book, Inc. Publishers, 1973, p. 45.

вањето на таа способност. Причините за ограничување и репресирање на тој битен потенцијален се повеќекратни, но најчесто тоа е резултат на потребата за функционална конзистенција на социокултурниот систем. Системот бара „коаптација“ — взаемно усогласување на интересите на неговите членови и формирање такви персонални организации кои најдобро ќе му служат на неговите интереси. Од широкиот спектар на потенции, секој социокултурен систем избира и елаборира само еден мал исечок, кој е во склад со неговите функционални постулати. Во тој случај сложениот процес на социјализација, суштински за организацијата и индивидуализацијата на генеричкиот потенцијал на човекот, наместо него да го поттикнува за самостојна автономна акција во пошироката сфера и за слободно пројавување на својата изворно радознала и експлоративна природа, се редуцира на учење на улоги и прифаќање на модели на општествена интеракција.

*

* *

Универзитетот, се разбира, не може да ја преземе улогата на примарните општествени групи кои имаат најголемо значење во најкритичните периоди од процесот на социјализација. Меѓутоа преку својот образовен и воспитен процес, универзитетот мора да ја развива и негува идејата за човекот како битно отворено суштество и да создава претпоставка, барем во неговите пазуви, имплицитните тенденции за сестран развој да се доведат до потполн расцут. Универзитетот, повеќе од било која институција, треба да се ангажира на развојот на полицентричен тип на личноста, личност која ке биде отворена кон сите хоризонти на светот, тип на личност која во себе ќе обединува и помирува повеќе идентитети. „Ние живееме, истакнува Едгар Морен, во илузија дека идентитетот е еден и неделив, додека тој е секогаш unitas multiplex.[8] Култивирањето на идејата за unitas multiplex за еден плуралистички идентитет треба да биде знак на распознавање на универзитетот и основа на неговото важење во културата. Развивајќи ја оваа идеја, вткајувајќи ја во текстурата на своето постоење и афирмирајќи ја како константа на своето дејствување универзитетот ја исполнува својата битна функција која ја имплицира и самиот термин universus кој стои во основата на неговото одредување. За реализацијата на оваа функција, исто така, се покажува суштинското значење на полето на опуштеност. Имено, развојот на полицентричен тип на личноста со богат автономен етос не може да се одвива во услови на „голо подвргнување“, „дресура“, и „бездушна присила“ на хетерономни норми, туку само во атмосфера на слободна и непосредна комуникација помеѓу воспитаникот и воспитувачот.[9] Овој тип на култура

[8] Edgar Moren: Kako misliti Evropu, Sarajevo Svjetlost, 1989.

[9] Pavao Vuk-Pavlović: Ličnost i odgoj, Zagreb, 1932, str. 55.

кој го афирмира умот како основен регулативен принцип најпрегнантно го изразува поимот „супстанцијална рационалност“ на Карл Манхајм.

Во досегашниот развој само скицирана, супстанцијалната рационалност како „разумско сфаќање на сегашната ситуација и способност за автономно судење“[10] треба да претставува основен супстрат на новиот културен Gestalt кој се обликува на излезот на „еволуциониот среден век“ на културата чиј битен белег е преваленција на хетерономната контрола. Универзитетот кој во своето постоење повеќе или помалку го претпоставува умот како свој регулативен принцип добива посебна улога и задача умната комуникација да ја постулира како основен принцип на своето дејствување како екстрасоматски отворен програм.

Gjorgje MLADENOVSKI

## UNIVERSITY AND REVITALIZATION PROCESS

(Summary)

University constitutted as extrasomatic open program is conceived as playing crucial role in the revitalization process wich our culture is about to undergo.

The primary role of the University in this process is seen as developing an idea of man wich as a model is worth considering for the man's future and the future of the world. From the point of view of modern anthropology we propose the idea of man as an open and versebile being and his culture as an essential ingredient of his life as the most appropriate for this task.

[10] Umberto Mellotti: „Biologija, kultura i racionalnost: Protivrečja civilizacije i dijalektička oslobođenja“, Marksizam u svetu, 1987/5—6, str. 39.

УДК 325.254.4(71:=866)

Марија ТАШЕВА

# МАКЕДОНСКАТА ЕТНИЧКА ГРУПА ВО КАНАДА

## Канада како имигрантско подрачје

Поради климатските услови и нивото на индустрискиот развој кој долго време заостанувал зад оној во Соединетите Држави, Канада не им се чинела толку привлечна на европските иселеници како нејзиниот јужен сосед. Затоа и таа немала рестриктивна политика на имиграција преку која би го канализирала доселувањето од квантитативна и квалитативна перспектива. Дури во 1919 год. Канадското министерство за имиграција почнува да добива бројни сугестии од граѓанството и различните институции за воведување рестрикции во политиката на доселувањето. Од нив, најмногубројни се барањата Канада да се чува за доселениците од англо-саксонско потекло. Под притисок за сопствено преиспитување, Министерството дошло до констатација дека имигрантската политика на отворени врати, практикувана дотогаш, повеќе не е прифатлива поради потребата на Канаѓаните да ја заштитат својата националност. Така, по војната е усвоена нова, селективна имигрантска политика. Таа вклучува листа на преференција на доселениците, согласно нивната народност. Прва позиција — онаа на најпожелни — во неа ја заземаат Скандинавците. Во однос на нив одредени резерви се искажуваат само во случај на отворено појавување на социјалистички идеи.[1] Таквата политика не се менува сè до Втората светска војна.

За време на Втората светска војна Канада е една од ретките земји која останала надвор од отворено воено ангажирање. Тоа за неа има позитивни ефекти — најзначаен од нив е просперитетот на индустриските гранки кои произведувале производи потребни за земјите ангажирани во војната. Затоа и таа не можела да се спротивстави на притисоците во прифаќање на бегалците од земјите во кои се војува. Најголем притисок во тој смер врз неа вршат Британија и Соединетите Држави. Тие бараат да дозволи поширока квота на доселување на бегалците од Германија и Источна Европа. Тие би се населувале во ненаселените простори — оние што се неподгодни за британските работници.

---

[1] Karni M. G., Finish Diaspora I, The Multicultural History society of Ontario, Toronto, 1981, str. 1933;

Одлука за прифаќањето на луѓето од фашистичките логори била донесена во 1947 год. Таква одлука истата година изгласале и Британците. Според неа требало да се прифатат младите работници кои бегале од земјите на фашизмот и социјализмот, кои биле од машки и женски пол, кои се изјасниле како неженети и немажени. Тие би се сместиле во работнички логори во тек на една година, за потоа да се стекнат со право сами да бараат работа каква што им одговара. Меѓутоа, по пропишаната година почнале да се прават низа препреки за излегување од логорите. Токму тоа го зголемува бројот на имигрантите во Канада. Во неа едни доаѓаат директно, други преку Британија — откако во неа не успеале да се здобијат со граѓански статус. Многу од нив немаат намера во неа да се населат постојано, туку преку неа полесно да влезат во Соединетите Држави кои имале имигрантска политика со повеќе дискриминаторски клаузули.

Во состојба кога голем број луѓе од европските земји настојувале да влезат во Канада и кога земјите со кои таа има односи на зависност притискале таа тоа да го дозволи, нејзиното Министерство за имиграција одлучува да не воведува квота на имигранти и да не прави заедничка листа на преференција. Неговите служби само би правеле одредена селекција во однос на земјата од која се врши доселувањето.[2]

Во 1947 година била донесена и одлука веќе доселените да можат да ги доведат членовите на семејствата и роднините. Можеле да се доведат: „сопруг или сопруга, син, ќерка, брат или сестра, заедно со сопругот и сопругата и неженетите деца, ако ги има; таткото или мајката; сираци; внук или внука под дваесет и една година; на било кое лице кое е легален жител на Канада кој е во позиција да ги прифати и да се грижи за таквите роднини . . . како и лице кое влегува во Канада со намера да стапи во брак со легален жител, под претпоставка дека потенцијалниот сопруг(а) е способен да се грижи за намерниот сопруг(а).[3]

Доселувањето во тој период било можно и преку склопување работни договори со одредени агенции. Такви договори нуделе посебно организациите кои претпоставуваат работни задолженија што не се атрактивни за Канаѓаните. Такви се рудниците за метали, фабриките во кои условите за работа се тешки, земјоделските организации — посебно оние што имале плантажи за шеќерна репа.

Во годините по војната Канада прифаќа околу четириесет до педесет илјади доселеници од Источна Европа. Поради спремноста да се прифатат да ги преземат задолженијата кои им биле непримамливи на староседелците, тие биле гледани добронамерно од нивна страна. Дури подоцна, кога пазарот на работна сила почнал да се заситува, јавното мислење почнало да се менува во правец на спротиставување на понатамошниот раст на населението по пат на нови доселувања.

---

[2] Danys M., Lithuanian Immigration to Canada after the Second World War, Multicultural History Society of Ontario, Toronto. 1986;

[3] Isto, str. 77;

## Македонците како народ со емигрантска традиција

Иселувањата од Македонија (сфатена како географско и народносно подрачје) имаат долга традиција. Во времето кога таа била дел од Турската Империја, со средишна позиција во неа, тие се мали, но се зголемуваат од 17 и 18 век наваму. Посебен придонес за тоа имале војните што Империјата ги водела со Австрија. Кога австриските војници дошле до македонските градови, тие повлекле по себе дел од нивното население исплашено од турските репресалии. Дел од овие иселеници стигнал дури до Русија.[4]

Поголемиот дел од најстарите миграции влегувале во категоријата печалбарство. Тоа е привремено престојување на дел од машкото население во регии кои бараат работна сила, со цел да се решат проблемите на егзистенцијата отежнати од колонијалниот статус, традиционалната економија и интензивниот демографски раст. Печалбарството прво било ориентирано кон блиските локалитети (на пример, населението од планинските села оделе како сезонски работници во земјоделските регии, потоа кон подалечни делови од Империјата — Смирна, Солун, Скадар, Цариград), за постепено да се прошири и надвор од неа.

Следејќи ги податоците за патиштата на печалбарството В. Андонов забележува дека „првата земја во која почнуваат да одат македонските печалбари е Албанија (турска провинција), за потоа да се спуштат кон Тракија и Мала Азија (пак во рамките на Империјата), за кон крајот на 18 и почетокот на 19 век да ја пронајдат Романија, и подоцна Русија. Во една нејзина провинција — Бесарабија голем број од нив и трајно се населуваат.[5] По ослободувањето на Србија, Грција и Бугарија, тие работат и во овие земји.

Печалбарството во прекуокеанските земји започнува кон крајот на XIX век. Првите печалбари одат таму од Романија, во 1898 год., заедно со група работници од други европски земји. Набрзо тие повлекуваат нова група работници од Леринско, Костурско и Преспанско.[6]

Поголеми иселувања потоа има по неуспешното Илинденско востание од 1903 година. Бегајќи од турската освета неколку години по ред се селат групи од илјадници луѓе — во 1903 г.: 7—8.000, 1904: 9—10.000, 1905: 10—15.000 и 1906: 15—16.000. Повеќето од нив се селани.*

Како и првите мигранти кои остануваат во Америка по неколку години и се враќаат назад со спечалените пари, за да останат дома толку колку што им дозволуваат материјалните можности, та-

---

[4] Andonov V., „Iseluvanjata od Makedonija, makedonskoto iseleništvo vo prekuokeanskite zemji i negovoto organizirano sobiranje", vo: Iseljeništvo naroda i narodnosti Jugoslavije, Zbornik, Zagreb, 1978, str. 210;

[5] Isto, str. 211;

[6] Isto;

* Различни извори наведуваат различни податоци за бројот на иселениците по Илинденското востание. Ѓорче Петров наведува бројка од 50.000 луѓе, од кои 18.000 се населиле во Америка, додека некои руски статистики наоѓаат дека станува збор за 30.000 иселеници (Андонов, цит. дело, стр. 212).

ка и втората група иселеници не се населува за постојано. Трајно населување се случува тогаш кога дел од работниците ги доведуваат во Америка и членовите на своето семејство. Тоа се случува во периодот непосредно пред Првата светска војна. Овие иселувања продолжуваат и понатаму со нееднаков интензитет. Поголеми се по Младотурската револуција, балканските војни, Првата светска војна. По војната се намалуваат поради рестрикциите кои почнуваат да ги воведуваат Соединетите Држави и Канада за прием на имигранти. Тогаш, дел од оние што ја напуштаат земјата почнуваат да се населуваат во Австралија.

Меѓу двете светски војни емиграцијата од Македонија е намалена. Андонов споменува бројка од 1.530 иселеници во тој период — главно од Битолскиот округ. Тие бележат нагло зголемување за време и непосредно по Втората светска војна, посебно по неуспешната револуција во Грција. Тогаш од Егејска Македонија се иселуваат околу 40.000 Македонци. Тие формираат многубројни македонски етнички заедници во повеќе Средно и Источно Европски земји, како и во низа градови во Соединетите Држави и Канада.

Иселувањата од Егејска Македонија продолжуваат и во педесеттите и шеесеттите години. Тогаш постои и интензивно иселување од Вардарска Македонија. Првите имаат повеќе политичка, но делумно и економска позадина. Вторите се доминантно од економски побуди. Траат до денес, со тоа што од средината на седумдесеттите години, поради воведувањето нови рестриктивни мерки во имигрантската политика на Соединетите Држави и Канада се ориентираат кон западно-европските земји и Австралија.

Вкупната бројка на иселувања од Македонија од XIX век до средината на седумдесеттите години Андонов ја проценува на околу 600.000 луѓе. Од нив околу 100.000 живеат во Соединетите Држави, каде има формирано заедници во Детроит, Колумбус, Гери, Сиракузо, Рочестер, Кливленд, Синсинати, Индијанополис, Бафало, Чикаго и др. На второ место по иселување е Австралија, со околу 85.000 иселеници (половината од Егејска, а другата половина од Вардарска Македонија), концентрирани во неколку градови — Мелбурн, Сиднеј, Вулонгонг, Перт, Њукасл.[7]

По бројот на македонските иселеници Канада го заземала третото место. Во неа живеат околу 65 000 Македонци. Нивниот број до денес попрецизно не може да се утврди поради низа отежнувачки околности. Дел од нив се врзани за начинот на кој се води статистиката за имигрантите, додека друг за поведението на самите мигранти. Така: прво, во канадската статистика на имигрантите тие при доаѓањето се регистрираат според жителството во политичката единица од која се преселиле, а не според некои други карактеристики. Поради непостоењето единствена политичка заедница на Македонците, тие се регистрирани како дојденци од повеќе држави. Второ, нашите луѓе често нелегално се движат меѓу Канада и Соединетите Држави во потрага по подобра заработувачка и по-

[7] Isto;

добри животни услови. Трето, дел од нашите имигранти поради нивната дејност во синдикатите и други радикални организации биле депортирани. Некои од нив и самоиницијативно ја напуштиле земјата. Четврто, во пописите на населението на Канада, кои редовно се спроведуваат од 1881 година наваму на секои десет години, не постоеле прашања кои попрецизно би го лоцирале географското и етничкото потекло на граѓаните. Прашања во врска со потеклото на граѓаните се воведуваат дури при пописот од 1971 година.[7a]

Податоците од пописот од 1971 година повторно не дале прецизни информации за македонската етничка заедница во Канада, но укажале на некои тенденции на иселувањата од Југославија во целина. Тие покажале дека повеќето од оние што се изјасниле дека имаат југословенско потекло имигрирале од шеесеттите години наваму. Во меѓупописниот период 1961—1971 година бројот на нашите пораснал за 65,3%.*

Спротивно на неоспорливиот факт за интензивирањето на доселувањата на нашите во Канада во следните меѓуписни периоди, и спротивно на настојувањата на канадската статистика со дополнителни прашања да ја утврди етничката композиција на своето население, следните пописи, исто како и претходните не ги даваат саканите резултати. Македонците се само една од големиот број етнички групи кај кои постои екстремно отстапување на официјалните податоци од забележувањата на секојдневното искуство. При пописот од 1986 год., како Македонци се декларирале 11.125 лица.**

Последните пописи покажале дека голем број од имигрантите од југословенско потекло имаат статус на политичка имиграција. Овој податок, кој е во расчекор со нашата статистика,*** како и со фактот дека во посочениот период не постоеле политички прогони од земјата и според тоа основи за политичка емиграција, се чини, може да се објасни со притисокот за економско емигрирање кој е

---

[7a] При пописот од 1971 год. биле поставени прашања за местото на раѓањето, времето на имигрирањето во Канада, државјанството, етничката и културната припадност, религиозната припадност, јазикот научен во детството и оној што се говори во рамките на семејството. Меѓутоа, и тогаш повеќе граѓани не даваат одговори на овие прашања. Меѓу нив многубројни се токму дојденците од Југославија. Во споменатиот попис само една третина попрецизно ја определиле својата национална припадност, додека останатите се изјасниле како Југославени. (Томовић, В., „Број и друштвени положај наших исељеника у Канади“, во: Исељеништво народа и народности Југославије, Зборник, Загреб, 1978, стр. 359—379);

* При пописот од 1961 год. се регистрирани 68.587 жители од југословенско потекло, додека при оној од 1971 год. 104.955. (В. Томовиќ, цит. дело)

** Во рамките на истиот попис како Југословени се изјасниле 65.000, Од подрачјето на Југославија се пријавиле и 51.205 Хрвати, 65.000 Срби, 5.065 Словенци. (Е. Хершак, Р. Чичак — Ченд, „Канада: Мултикултурализам“, Миграциске теме, год. 7, бр. 1, Загреб, свибањ, 1991, стр. 20)

*** Нашата статистика се обидува да води евиденција само за лицата кои се привремено вработени во странство, но од низа објективни причини, оваа евиденција е непотполна. Како привремено вработени во Канада од Македонија, при пописот од 1971 год. се регистрирани 1.599 лица, додека во 1981 год. 3.876.

закочуван од ограничувањата на канадската имигрантска политика. Голем број од оние што се селеле во Канада се пријавувале како политички емигранти, зашто така полесно можеле да го решат имигрантскиот статус.

Во последно време обиди за бројно определување на своето членство прави Канадско-македонската федерација. Земајќи предвид низа извори на податоци (регистрирање на фирми, членство во црковни, спортски, културно-уметнички клубови и други неформални асоцијации), таа утврдила дека во Канада живеат меѓу 130 000 и 150 000 Македонци. Од нив повеќе од 100 000 се населени во Торонто.

## Македонската етничка заедница во Торонто

Торонто станува мултикултурен центар во текот на последните децении од овој век. На почетокот од векот тој е населен со британско население. Во првата деценија е изложен на масовни доселувања од низа европски земји, но и покрај тоа битно не ја променува својата структура. Во 1911 година 80% од неговото население има британско потекло. Останатите се новодојденци — Евреи, Германци и помали групи на Италијанци, Кинези и Словени (Македонци, Украинци и Полјаци).[8]

Оваа композиција не е многу изменета и во четириесеттите години, кога има „етнички енклави и во некои области е полиглотски град ..., но од друга страна останува предимно британски во термините на навиките на луѓето, нивните ставови и, секако, местото на англискиот јазик".[9]

Присуството на македонски привремени работници и емигранти во структурата на Торонто е во согласност со општата етничка структура. Во него Македонци доаѓаат уште пред 1903 година а посебно по тоа, но во 1916 година, како ќе забележи во ретроспектива Националниот календар на македонската црква, „нивниот број бил толку мал што можеле да се избројат на вашите десет прсти".[10] Во четириесеттите години нивниот број пораснува на 1 200 семејства. Таа е најголемата македонска заедница како во Канада, така и во Северна Америка воопшто. Таквиот статус го задржува до денес, поради големиот број нови доселувања, посебно во периодот од почетокот на шеесеттите до средината на седумдесеттите години.

## Еколошки и економски аспекти на населувањето

Етничките заедници во Торонто, и воопшто во Канада, во своите еколошки аспекти не се предмет на проучување на канадските социолози. Меѓутоа, тие спроведуваат многубројни истражувања на

---

[8] Harney R. F. (ed.), Gathering Place: Peoples and Neighbourhoods of Ontario, Toronto, 1985, str. 3;

[9] Isto;

[10] Petroff L., „Sojourner and Settler: The Macedonian Presence in the City, 1903—1940", vo: Harney R. F. (ed.), Gathering Place, cit. delo, str. 178;

животот во сламовите, кои можат да послужат како литература која ги отсликува животните услови на етничките малцинства, зашто тие го сочинуваат во најголем обем населението на областите на сламовите. Во врска со тоа Џемс Мидлтаун истражувајќи некои слам области (Ворд и Нијагара Стрит) ќе забележи дека „областа на сламовите и присуството на странци често одат рака под рака".[11] Областите што тој ги истражува се токму оние во кои е концентрирано македонското население.

Македонците имигранти ја населуваат Нијагара Стрит во периодот меѓу 1909 и 1919 година, за по дваесеттата да се придвижат кон Квин Стрит Вест и Ворд. Во текот на истиот период кога се формираат овие населби тие населуваат уште една — Таун оф Вест Торонто Џанкшн, во која се собираат работниците ангажирани во кланиците.

Всушност, просторот кој го населуваат Македонците во градската конфигурација на Торонто е биран врз основа на близината на работните места. Тоа се населби во чија близина се наоѓаат металската индустрија, кланиците, кожарниците и другите процесни фабрики — фабриките кои повеќе од останатите ја загадуваат средината како со штетни гасови така и со непријатни мириси. Во врска со ова Лилјан Петроф ќе ја регистрира „посебната порверзна сорта на гордост на овие работници со способноста да ги поднесат овие смрдливи простори".[12] Подоцна овие области од периферијата на Торонто, откако процесната индустрија ќе се дислоцира од нив, ќе станат пристојно место за живеење со многу подобри услови отколку што се централните подрачја на градот во кои се населуваат други етнички групи (Евреи, Италијанци и Кинези).

Во почетоците на населувањето, кога македонската група ја сочинуваат само работноспособни мажи, тие живеат заедно — собрани во куќи претворени во спијалишта. Здравствено-хигиенските извештаи за тој период, кои ги анализира Лилијан Петроф давале податоци за куќи со четири до пет соби во кои живееле по 20 луѓе.[13]

Деловите од градот во кои се населуваат Македонците стануваат и простори за нивната приватна дејност. Со доаѓањето тие се вработуваат во „смрдливите" фабрики, но набрзо некои од нив откриваат отворени можности за ангажмани во сферата на приватниот бизнис. Тоа брзо прилагодување во економската сфера Л. Петроф го поврзува со нивната квалификациона подлога. Нашите доаѓаат во новиот свет како неквалификувани работници, но тие обично доаѓаат по престојот во други мигрантски подрачја во кои работеле специфични работи и се здобиле со конкретни работни искуства. Затоа и можат да започнат нешто свое во светот кој не прави по-

[11] Middletown J., The Municipality of Toronto: A History I, cit. po Harney (ed.), str. 188;

[12] Petroff L., vo: Gathering Place, cit. delo, str. 181;

[13] Isto, str. 184;

себни пречки на тој план, барем за некои дејности кои им се непривлечни на Британците. Така, набрзо по доаѓањето тие оформуваат низа претпријатија. Во почетокот најголемиот број од нив се поврзани со нивните групни потреби — првите претпријатија се оние на кафеџии, поморски агенти, бакали, банкари, гостилничари, месари.

Заеднички изнајмените куќи лоцирани на главните улици на погоре споменатите области од првите години на доселувањето се заменуваат со индивидуално изнајмени куќи во помирните странични улички кога работниците почнале да ги повлекуваат во Канада членовите на своите семејства. Најчесто семејството се сместувало во дел од куќата, а останатиот дел бил претворуван во пансион во кој живееле оние што уште биле самци. Тоа имало како економска така и емотивна позадина — животот во кој се делел просторот и со тоа и трошоците за неговото одржување бил поевтин а освен тоа и поблизок до оној во родниот крај во кој се негувале интимни меѓучовечки релации.

Во првите години на имиграцијата нашите не се одлучувале становите во кои живееле да ги претворат во своја сопственост, било затоа што тоа барало издвојување поголема сума средства кои било поразумно да се инвестираат во бизнисот, било затоа што тоа значело трајно врзување за новиот свет, на што сеуште не биле подготвени. Заработените пари или се штеделе или се вложувале во сопствен бизнис. Просторот во кој тој се лоцирал повторно се изнајмувал. Обично, оние што отворале бакалници, кафетарии, ресторани и сл. изнајмувале поголеми куќи во кои организирале работен простор, станбен простор и пансион за соселаните. Први случаи на стекнување куќи во приватна сопственост, следејќи ги животните истории на имигрантите, Лилијан Петроф открива во 1913 год. Нивниот број се зголемил следните години.

Првите сопственици на куќи се бизнисмени кои не ја напуштиле старата практика на спојување на работниот и станбениот простор. Тие само ги купувале куќите кои порано ги изнајмувале. Подоцна, по 20-тите години, зголемената рента ги поттикнала и работниците од фабриките да се одлучат за сопствени куќи. Високите цени, притоа, ги терале да ги купуваат куќите во победни области, отколку што биле оние во кои живееле под наем.

За тоа делумно придонесувал и непријателскиот став на британските сопственици кон новодојденците од Источно-Европските земји.

Кон крајот на дваесеттите години населувањето во сопствената куќа станува вообичаена практика. Куќата станува статусен симбол. Значењето што притоа ѝ се придавало на областа во која е сместена куќата, јасно говори за тоа дека македонската етничка заедница веќе е прилагодена на канадскиот социо-културен простор и е со активни настојувања да го продлабочи процесот на втопувањето во него.

Македонците во однос на барањето колективни решенија за обезбедување на својата позиција во новото општество покажуваат блискост со сите етнички групи доселени од области со традиционална култура. Првите институции на колективниот живот ги оформуваат непосредно по доаѓањето и тие понатаму ефективно делуваат. Во нешто изменета организациона поставеност и цели тие постојат и денес.

Прва појава на македонското етничко заедништво се спомагателните друштва. Во почетокот тоа се друштва што ги поврзуваат имигрантите од одредена селска заедница кои и по доаѓањето се населиле на едно место. Првото друштво е на селаните од село Ошчима (основано во 1907 год.), а непосредно по него се основани Желевско, Буфско, Тетовско, Преспанско, Габрешко, Загоричанско, Ѓаватско, Рулско и др. Овие друштва играат улога во давањето материјална и морална помош на своите членови и членовите на нивните семејства, во одржувањето на македонската културна традиција во новата средина, како и давањето помош на соселаните од стариот крај.

По спомагателните друштва се прават обиди за основање и на други типови организации. Први од нив се политичките. Тие се јавуваат во дваесеттите години и своите членови ги поврзуваат преку идентичноста на политичките ставови донесени од старата татковина и врзани за неа. Обично точка на поврзување станува идејата за моменталниот и иден статус на Македонија. Задржувањето на оваа идеја до денес јасно говори за минорниот статус на македонската етничка заедница на која сеуште ѝ се непристапни приодите кон политичката сфера на канадското општество.

Религиозните институции, кои кај повеќето етнички заедници израснуваат во самите почетоци на нивното конституирање, кај македонската заедница се јавуваат подоцна поради објективни тешкотии на тој план. Првите обиди за организирање македонска национална црква во Торонто биле направени уште во 1911 год., но се јавил проблемот на нерешениот статус на македонската црква во матичната земја.

Македонската национална патријаршија е обновена дури во 1958 година. Непосредно по тоа почнува никнувањето на црковни општини во сите локалитети во кои постои поголема концентрација на македонско население. Всушност, првата македонска црковна општина е основана нешто порано, во 1956 година во Мелбурн, кога почнала изградбата на македонската православна црква. Нејзиното осветување е во 1960 година.

Во Америка прва црковна општина е основана во Гери — Индијана во 1960 година. Во Торонто таа се јавува две години подоцна — во 1962 година. Тогаш почнува градењето на македонската православна црква „Св. Климент". Истата е осветена во 1965 година. Потоа никнуваат црковни општини во сите американски градови во кои има поголеми групи Македонци.

Политичките и религиозните организации на нашите во земјите на емиграцијата, во нашата литература, но и во јавното мислење на домаќинската земја, обично се доживувани како организации преку кои се одржува националната свест донесена од матичната земја и преку кои се вложуваат напори за учество во нејзиниот јавен живот. Овде затоа и се наведува мислењето на повеќе американски социолози кои ја истражуваат нивната улога во животот на етничките малцинства, меѓу другите и на македонското — дека тие просто се обиди на етничките малцинства да направат чекор погоре во акултурацијата кон англосаксонскиот стил на живот. Црковните општини се чекор во надминувањето на селскиот локализам кој доаѓа до израз кај спомагателните друштва. Селаните од повеќе села преку нив се поврзуваат врз поширока основа — врз основа на домаќинската етничка група. Тоа понатаму бара дополнителни чекори на патот на приклучувањето кон поширокото канадско општество.[14] Преку изградбата на националниот идентитет се надминува идентитетот оформен во стариот крај на тесна територијална основа и се отвора патот за оформување на новиот идентитет на членови на новата мултикултурна заедница. „Иако обично согледувани од домаќинското општество како донесени од старата земја, националните клубови, религиозните заедници и спомагателните друштва кои ги надминуваат лојалностите на родниот град или село, биле суштински феномени на Торонто и согледани како такви од страна на имигрантите“.[15]

Marija TAŠEVA

## MACEDONIAN ETHNIC COMMUNITY IN CANADA

(Summary)

The formation process of Macedonian ethnic community in Toronto, one of the bigest macedonian communities outhside the domestic country is examined. The process of immigration is following from the begining of the century, when a small group of migrant workers from Rumenia incidently founded Kanada as a country with some job posibilities, to the oeighteeths, when the immigrant wave is going to be the bigest. The community which had grown in meantime as a consequence of a tendency for concentrating on a narrow space has demonstrated the same development as the others ethnic communities on american ground — their members formed a series of associacions with collectiv demands for protection, security and social status.

[14] Harney R. F., Gathering . . ., cit. delo str. 18—19;
[15] Isto, str. 19;

УДК 316.343.6

Ило ТРАЈКОВСКИ

# ПОСТИНДУСТРИЈАЛИЗМОТ И СОЦИОЛОШКАТА ТЕОРИЈА

Современата макросоциологија, од 60-тите години на овој век, на планот на поимањето на смислата, детерминантите и перспективите на тековните социјални промени, т.е. на планот на теоријата за општествениот развој се наоѓа на распаќе. Интензивните промени во структуралните и динамичките елементи на современото општество ја нарушија „хармонијата" на институционализираниот начин на живот и теориското промислување на истиот. Сè посилно се пробива оценката дека класичното теориско мислење е, суштински недоволна рамка за разбирање и објаснување на актуелните трендови на општествената промена и развој.[1]

Временското и просторното совпаѓање на збунувачките социјални промени со интензивните научно-технолошки продори, услови утврдување на феноменот, често пати именуван со синтагмата „научно-техничка револуција", во жижата на интересот на современата макросоциологија и, посебно, во теоријата за општествениот развој.

Во таков теориски контекст, тезата за настанување на, т.н. „пост-индустриско општество" или, со посовремена терминологија „информатичко општество", се наметнува како еден од најамбициозните обиди на планот на теориското промислување на смислата, детерминантите и перспективите на промените во современото општество. Многу брзо, по иницијалната социолошко-теориска концептуализација, во делото на Д. Бел[2], оваа теза го привлече вниманието на научната јавност. Уште повеќе, истата како идеја за настанување на нов тип општество, мошне брзо премина во колоквијалниот говор, каде што, според оценките на Р. Бадхам функционира како силен „идеал", односно визија која го моделира и осмислува општествено-политичкиот ангажман и доживувањето на секојдневното искуство[3].

Порастот на референцијалиите околу тезата за настанување на „пост-индустриското општество", во текот на 60-тите и 70-тите годи-

---

[1] Ваквата констатација е изречена, пред две и повеќе децении од аналитичари и познавачи на социолошката теорија како А. Гулднер (Gouldner A. W. „The Coming Crisis of Western Sociology", Heinemann, London, 1972.

[2] Bell D. „The Coming of Post-Industrial Society", Basic Books, N. Y. 1973.

[3] Badham R. „Sociology of Industrial and Post-Industrial Societies" во CURRENT SOCIOLOGY, Vol. 32. № 1. 1984.

ни на овој век, односно околу тезата за настанувањe на „информатичкото општество", во текот на 80-тите, го поттикна интересот за споредбена теориско-концептуална анализа на мноштвото, контроверзни теории за „пост-индустриското општество". Таквите анализи беа обиди за валоризација на местото и значајноста на идеите на постиндустријализмот за современата социолошка теорија.

Овој труд е скромен придонес на тој план. Темата што е предмет на разработка во овој труд се развива во три делови. Во првиот се дава кус преглед во историјата на идејата за настанување на „пост-индустриско општество". Во вториот дел се аргументира тезата за „парадигматска" структуираност на теориите за „пост-индустриското општество". Во третиот дел, се валоризира значајноста на постиндустријализмот за развојот на современата социолошка теорија[4].

## I. Генезата на идеите на постиндустријализмот

Истражувањето на историјата на идеите на постиндустријализмот не доведува до заклучок дека неговите корени се подлабоки отколку што, на прв поглед, би можело да се чини. Судејќи врз основа на експлицитниот „пост-изам" би можело да се рече дека постиндустрискиот дискурс изразува современи идеи, и дека неговото родно место е современото општество.[5] Меѓутоа, спротивно на таквата, можна, првична проценка на временоста на речникот, истражувањето на историјата на идејата не доведува до почетокот на XX век. Недостапноста на соодветна литература попречува, раѓањето на оваа идеја да го датираме пред првата деценија на XX век, односно во делото на (од Артур Пенти, цитираниот) Кумарасави.[6]

### *1. А. Пенти — предисторија на идејата*

Во 1922 година англискиот гилд социјалист Артур Пенти го објавил делото „Пост-индустријализмот". Ова дело може да се оцени како прва систематска, научно-теориска концептуализација на иде-

---

[4] Во овој труд, само фрагментарно се соопштуваат дел од резултатите добиени со споредбена концептуална анализа на теориите за „пост-индустриското општество" развиени во делата на Д. Бел (D. Bell), А. Турен (A. Touraine) и А. Горц (A. Gorz). Во целост, резултатите од споменатото истражување, во облик на магистерска теза беа успешно одбранети при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје: Ило Трајковски, „Концептуалната структура на постиндустријализмот", необјавен магистерски труд, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, октомври 1991, Скопје.

[5] Разните „пост-истички" префиксирани дискурси се карактеристика на социјалната мисла и колоквијалниот говор од педесеттите години на овој век.

[6] Coomaraswamy A. K. наведено според A. Penty „The Postindustrialism", London, 1922.

јата за „пост-индустриско општество". Анализата на истото се покажува како актуелна, не само од аспект на валоризацијата на современите концептуализации на постиндустријализмот, туку и од аспект на критичката валоризација на „пост-модернизмот", воопшто[7].

Концептот „постиндустријализам", од страна на А. Пенти е развиен во рамките на неговата теорија за социјализмот. Основна теза на таа теорија е тврдењето дека „комерцијализмот" и „индустријализмот" на XVIII и XIX век, довеле до општествен колапс и дека, прва претпоставка за излегување од таквата состојба е развивање на социолошка теорија која ќе отвори можности за историски делотворно разрешување на централниот општествен проблем: односот помеѓу машинеријата (индустријата) и човекот.

Во идејниот контекст на оваа теза треба да се бара смислата на идејата за „пост-индустријализмот". Истата отвора визија за ново општество, затоа што е „... доволно содржајна да ги опфати идеите на оние кои им се наклонети на идеалите на социјалистите, но коишто од нив се разликуваат според својот став спрема индустријализмот ..."[8].

Ваквата концептуализација на постиндустријализмот, од становиштето на современите теории за „пост-индустриското општество", е двојно релевантна. Прво, таа се темели врз иста „иницијална теориска одлука" — премисата дека „индустријализмот" е главен агенс на општествените промени и дека развојот на истиот го доведува општеството до состојба од која тоа може да се извлече само со организирање на „пост-индустриски" општествен систем. Второ, Пентиевата концептуализација на оваа идеја е компатибилна со современите, критички варијанти на постиндустријализмот, развиени на пример во делото на А. Горц и неговите современици, а кои Б. Франкел ги нарекува „пост-индустриски социјалисти"[9].

Идејно теориската смисла на Пентиевиот концепт, најпрегнантно ја изразува квалификацијата на истиот како „пресвртен марксизам". Пресвртноста на овој марксизам се состои во тоа што, авторот, доследно на Маркс, стои на становиште дека „капитализмот" е прв придвижувач на „индустријализмот". Меѓутоа, Пенти оди понатаму и претпоставува дека, поради тоа што опстанокот на „капитализмот" зависи од „индустријализмот" (што значи од неограничената примена на машинеријата), проблемот на машинеријата (односно „индустријализмот"), сам за себе станува централно општествено прашање. Социологијата, во овој поглед има само да го следи објективниот поредок, односно да ги дефинира „индустријализмот" и „пост-индустријализмот" како фундаментални прашања на теоријата за општествениот развој.

---

[7] Оваа констатација се потпира врз оценките на авторите според кои постиндустријализмот е социолошка елаборација на пост-модернизмот. Така, на пример P. Schmidt „Postmoderna strategija zaborava", Školska Knjiga, Zagreb, 1988.

[8] Penty A. цит. дел. стр. 12.

[9] Frankell B. „The Post-Industrial Utopians", Polity Press, Oxford, 1987.

Ваквото „пресвртување“ на Маркс е пропратено со аргументација која, по многу нешто ѝ претходи на современата, на пример Маркузеовата, а преку него и Горцовата концептуализација на „индустријализмот“ и „пост-индустријализмот“. Пенти се согласува со Маркс дека „индустријализмот“, воден од капиталистичката логика, доведува до рушење на старите општествени односи. Меѓутоа, тој како и современите критички теории, не се согласува со предвидувањето (и очекувањето) дека „индустријализмот“ доведува и до создавање на социјални и културни стандарди и субјекти за надминување на стариот и за конституирање на нов, еманципаторски општествен систем. Изразена со речникот на современата критика на Маркс, оваа теза значи дека „капиталистичкиот индустријализам“, односно „индустријализмот“ воопшто, сам од себе не генерира претпоставки и субјекти за ново, хумано општество.

Постиндустријализмот, кај Пенти е развиен како критика на тезата за општествено-прогресивниот карактер на индустрискиот раст. Тој е елабориран во рамките на една теорија за социјализмот која, спротивно на раните социјалистички и, воопшто социолошки теории за општествениот развој, „... не се обидува да го оствари неможното“. Тоа е теорија која ја нагласува „... неможноста за неограничена примена на машинеријата ...“[10]

Врз основа на прикажаните појдовни премиси, Пенти го дефинира „пост-индустијализмот“ како „... состојба на општеството која следи по распадот на индустријализмот ...“[11], односно како општество на „... мали работилници и децентрализирани единици на управување ...“[12].

Ваквата концептуализација на идеите на постиндустријализмот, повторно се актуелизира во текот на 70-тите години на XX. век, во делата на И. Илиќ, Е. Шумахер, А. Горц, А. Тофлер и други, според Б. Франкел, наречени „пост-индустриски социјалисти“[13].

Критичката валоризација на Пентиевиот придонес кон развојот на современиот постиндустријализам, може да констатира дека истиот не се состои во ѕидарската работа на вградување одделни содржински блокови, во еден специфичен проект и теорија за „новото“ општество, туку, пред сè, во конструкторската работа на моделирање на нов пристап, односно на нова парадигма за општествениот развој, втемелен врз научно-технолошкиот прогрес.

Пенти немал можност да ги спознае социјалните феномени врз кои се гради современиот постиндустријализам, сфатен како теорија и како пракса. Меѓутоа, тоа не ја намалува предикативната вредност на неговиот исчекор, напред, во однос на општествената стварност и теорија, карактеристични за времето во кое живеел.

---

[10] Penty A. цит. дел. стр. 40.

[11] Penty A. цит. дел. стр. 14.

[12] Kumar K. „Post-Industrial Society“, во The Social Scence Encyclopedia, London, 1985, стр. 633.

[13] Ilich I., Schumacher E. F., Gorz A., Bahro R., Toffler A.

Ако Пентиевото „пресвртување“ на марксизмот го сфатиме како обид за синтеза на позитивизмот и марксизмот, тогаш неговиот постиндустријализам може да се окарактеризира како продукт на таквиот обид. Ваквата валоризација на постиндустријализмот, во понатамошниот текст ќе функционира како појдовна премиса на тезата за „парадигматската“ структуираност на испитуваните теории за „пост-индустриското“ општество.

## 2. *Современа елаборација на постиндустријализмот*

Имајќи го предвид претходно изнесеното сознание, на една страна, а општо прифатената оценка дека постиндустријализмот го привлече вниманието на науката дури по Д. Беловата концептуализација, на друга страна, се соочуваме со прашањето за причините за скоро педесетгодишната заборавеност на таа идеја.

Одговорот на ова прашање, се чини, треба да се бара во вплетеноста на општествените науки во идеолошко-доктринерските борби на XX век. Теоријата за општествениот развој, од тој период, својот појмовно-аналитички апарат, помалку или повеќе, го градеше како дел од идеолошкиот арсенал на еден од двата спротивставени општествено-политички блокови.

Развивана во соодветни институционални аранжмани, „марксистичката“ и „граѓанската“ теорија за општествениот развој, остана затворена за Пентиевиот постиндустриски проект. Првата ја ограничуваше „ортодоксната“ теорија за социјализмот, чиј типичен пример наоѓаме во Лениновата дефиниција на социјализмот[14]. Затвореноста, пак, на „граѓанската“ теорија се објаснува со нејзината воодушевеност од економскиот раст и просперитет, особено по II Светска војна.

Меѓутоа, откако шеесеттите години го разобличија лажниот сјај на „индустрискиот марш“ на капитализмот и реал-социјализмот, идеите на постиндустријализмот станаа најчеста референтна рамка на теоријата за општествениот развој.

Шеесеттите години на XX век се години на вообличување на современите концептуализации на идеите на постиндустријализмот. Скоро истовремено, во три општествено-политички „лаборатории“ на футуристичкиот мисловен експеримент се доаѓа до слични резултати. Постиндустријализмот доживува теориско втемелување и историска афирмација. Трите центри на современата елаборација на постиндустријализмот, формално се лоцирани во три различни геополитички и социјално-културни средини: САД; Западна Европа, посебно Франција; и Источна Европа, посебно СССР и Чехословачка. Извесните, сосема евидентни терминолошки разлики не произлегу-

---

[14] Ја имам предвид Лениновата дефиниција според која: Електрификација, плус индустријализација, плус совети рамно социјализам.

ваат од суштински различни позитивно-теориски премиси, туку пред сè, се плод на влијанијата на институционалните, т.е. идеолошко-доктринерските фактори[15].

Во текот на шеесеттите и седумдесеттите години, владите на економски и политички моќните држави одвојуваат значителни финансиски и други средства за т.н. футуристички истражувања, односно за истражување на иднината[16]. Реченото, секако, не значи дека постиндустријализмот, од овој период, е исклучиво продукт на институционално нарачани истражувања. Меѓутоа, неоспорлив и теориски значаен, е фактот дека тој се афирмираше и популаризираше под таков плашт. Скоро безусловното врзување на современиот постиндустријализам за името и делото на Д. Бел, укажува на значајноста на владиниот фактор. Неговите влијанија ги препознаваме и денес во процесот на „инаугурацијата" на новиот имиџ на постиндустријализмот, односно на концептот „информатичко општество" за што најмногу придонесува владиното потхранување на овој нов „идеал"[17].

Покрај институционалниот фактор, врз современото вообличување и афирмација на постиндустријализмот, влијаеја уште два други фактори. Едниот е од општествено-историска, а другиот од теориска природа. Првиот, метафорично би можеле, да го наречеме „спутников ефект". Овој фактор ги вклучува теориските импликации од два општественоисториски процеси: научно-технолошкиот развој и противречните текови на политиката на детантот. Имено, „Декадата која следеше по лансирањето на советскиот ‚Спутник', во 1957. година, е обележана со растот и престижот на науката и технологијата"[18]. Овој момент, имајќи го предвид сознанието дека западната социологија не го напушти Сен-Симоновиот концепт „индустриско општество", го обнови интересот за проблемите на теоријата за општествениот развој. Испитувањето на иднината, повторно доби историски легитимитет.

Од друга страна, политиката на детантот од теоријата бараше поинаков модел за објаснување на основниот општествено-политички конфликт. Моделот кој ги спротивставуваше „капитализмот" и

---

[15] Така, на пример, Источноевропската теорија за развојот на современото општество ја претпочиташе синтагмата „научно-техничка револуција", додека, пак Западноевропската зборуваше за „техничка цивилизација", „индустриско", или „постиндустриско" општество, Информатичко општество итн.

[16] Под таков плашт се конституираа: Северноамериканскиот „Commision on The Year 2000", под патронажа на Hadson Institute, чиј претседател беше Д. Бел; Британскиот Social Science Research Commity on Neht Thirty Years; Францускиот Comisariat du Planžs 1985 Committe; Западно Европскиот проект Futuribles; Рихтеровиот тим под патронажа на Чехословачката академија на науките и уметностите итн. За ова пошироко кај R. Nisbert „The Year 2000 and All That" во Commentary, Vol. 45. № 6. june 1968, 60—68. i R. Heilbroner „Betwen Capitalisam and Socialism" Vintage Books, N. Y. 1970.

[17] Пошироко кај D. Lyon „From ‚Post-Industrialism' to ‚Information Society': A. New Social Transformation?", во SOCIOLOGY, Vol. 120. №. 4. 1986, стр. 577—585.

[18] Kumar K. „Prophency and Progres: Sociology of Industrial and Post-Industrial Societies", Penguin, Harmondsworth 1978 стр. 186

„социјализмот", дефинирани, пред сè, во политичко-блоковски жаргон, се покажа како застарен и конкретноисториски ирелевантен.

Во тесна врска со овие фактори е и идејно-теориското наследство на постиндустријализмот. Станува збор за тезите за „крај на идеологијата" и за конвергенцијата на двата антагонистички светски системи. Современиот постиндустријализам ги презеде од нив темите за опаѓањето на важноста на класниот конфликт врз сопственичката основа, за политичкиот плурализам, за замената на идеологијата со „ограничена утопија", за зголемување на општествената значајност на квантитативниот раст на науката и технологијата итн.

Ова теориско наследство и споменатите општествено-историски процеси се покажаа како плодно тло за развивање на низа контроверзни концептуализаци и на постиндустријализмот. Меѓутоа, наспротив евидентните разлики во именувањето и дефинирањето на новиот тип општество[19], кој хипотетички настанува под влијание на споменатите и со нив поврзани општествено-историски процеси, аналитичарите на овие теории открија постоење на општа — или како што докажува овој труд „парадигматско теориска" — согласност во однос на прашањата за генезата, структурата и смислата на новото „пост-индустриско општество".

## II. Постиндустриската парадигматска теорија

Тезата за парадигматска структурираност на современите „теории за пост-индустриското општество", е резултат на споредбена анализа на концептуалните структури на теориите за развојот на современото општество, развиени во делата на Д. Бел, А. Турен и А. Горц[20]. Таквата анализа беше водена од потребата да се реши еден теориски проблем, дефиниран со прашањето: Постиндустриските универзалии — парадигма или концепт?

По иницијалната концептуализација, тезата за настанување на пост-индустриско општество го привлече вниманието на научната јавност. Афирмацијата на оваа теза повторно ја распламти „социолошката имагинација". Се развија и елаборираа мноштво идеи кои, на различни начини и од различни страни, ја осветлуваа хипостазираната „пост-индустриска трансформација". Како што констатира К. Кумар, овие идеи беа прифатливи и ги прифаќаа, „Континенталниот

[19] Да споменеме само неколку примери на именување на новото ОПШТЕСТВО: пост-буржоаско (post-bourgeois society, G. Lichtheim 1963); пост-економско (post-economic soc:ety, H. Kahh, 1967); пост-модерно (post-modern society, A. Etzioni, 1968); пост-сиромашно (post-scarcity society, M. Bookchin 1971); пост-цивилизирано (post-civilized society, K. Boulding); општество на знаењето (the knowledge society, P. Drucher, 1971); општество на услугите (the personal service society, P. Halmes 1970); општество на услужната класа (the service class society, R. Dahrendorf, 1964) итн.

[20] Ваквиот избор на теории за „пост-индустриското општество", беше направен со намера да се зафатат најзначајните претставници на двете варијанти, т.е. на „левите" (Турен и Горц) и „десните" (Бел).

европски марксист . . ., британската Нова Левица, американската Нова Левица, либералните економисти и социолози . . . менаџерскиот аналитичар . . ." и многу други[21].

Ваквата, скоро неограничена дифузија на идеите на постиндустријализмот, во потполност ја легитимира Катунаричевата дефиниција на истите со синтагмата „постиндустриски универзалии"[22]. Сознанието, пак за „универзалноста" на идеите на постиндустријализмот ја соочи науката со еден метатеориски проблем: Дали „универзалноста" значеше воведување на теоријата за општествениот развој во состојба на „нормална наука"[23], или пак, таа појава е уште еден доказ во прилог на тезата за затвореност на социолошката терминологија за „кодификација[24].

Во потрага по решение на овој, најчесто, имплицитно спознат проблем, одреден број на аналитичари и истражувачи на социолошката теорија презедоа комплексни, споредбени концептуални анализи. Основен резултат на таквиот потфат беше тезата за постоење на две: „лева" и „десна"; „де-индустриска" и „хипер-индустриска"; и слични, варијанти на теории за „пост-индустриското општество".

Намерите на овој дел од трудот се насочени кон афирмирање на теза дека со погоре назначениот резултат не се исцрпени сите можности на синтетизирачкото, компаративно промислување на теориско-методолошката природа на „универзалноста" на идеите на постиндустријализмот. Односно, како што навестува насловот на овој дел, овде се назначуваат основните аргументи на тезата дека т.н. „постиндустриски универзалии" вообличуваат една специфична теориска матрица која во споменатите, анализирани теории за „пост-индустриското општество", функционира како „парадигматска теорија".

Анализата на теориите за „пост-индустриското општество" на Д. Бел, А. Турен и А. Горц имаше за задача да ја тестира хипотезата, според која, искористувањето на т.н. „постиндустриски универзалии" како појмовна (идејна) рамка условила парадигматска структурираност на истите.

Тестирањето на оваа хипотеза беше изведено со споредбена анализа на концептуалната апаратура на испитуваните теории. Во таа смисла, прва задача на истражувњето беше да ги анализира основните концепти на нивната типологизација на општествата. Така насочена, испитувајќи ги концептуализациите на хипостазираниот фундаментален историски новум и неговата општествена релеванција, анализата доведе до заклучок дека концептите „технократско општество" и „општество на знаењето" се клучен, заеднички именител на мноштвото идеи на постиндустријализмот, т.е. на „постиндустриските

---

[21] Kumar K. 1978, цит. дел. str. 194.

[22] Katunarić V. „Dijalektika i sociologija", Školska Knjiga, Zagreb, 1986, стр. 178.

[23] Следствено значењето на концептот „нормална наука" кај Т. Кун (T. Kun „Struktura Naučnih revolucija", Nolit, Beograd, 1974).

[24] Следствено значењето на концептот „кодификација" кај Р. Мертон (R. Merton „O teoriskoj sociologiji", CDD SSO Hrvatske, Zagreb, 1979, стр. 76—79.

универзалии". Двата споменати концепти функционираат како точки во кои се пресечуваат различните идеи кои, на еден или друг начин, во актуелните промени во современото општество откриваат процес на настанување на специфичен историски тип општество, именувано, ерго дефинирано со синтагмата „пост-индустриско".

Мноштвото универзалии со кои се опишува, осмислува, или на некој друг начин карактеризира, од нив сугерираната „пост-индустриска трансформација" на современото општество, социолошката теорија ја насочуваат кон дистинктивен и, по многу нешто, нов комплекс на проблеми. Во таа смисла, како позитивно-теориски дефиниции на, од мноштвото универзалии, конструираната „пост-индустриска" социјална реалност, концептите „технократско општество" и „општество на знаењето" ја усредуваат и синтетизираат хеуристиката на постиндустријализмот во современата социолошка теорија за општествениот развој.

Со посредство на овие два, како и други од нив изведени концепти, испитуваните теории посочуваат на значајноста на специфечен круг на социолошки релевантни проблеми. Во однос на прашањето за фундаменталниот историски новум, постиндустријализмот ја открива општествената значајност на: „централноста на теориското знаење" (Д. Бел), „системскиот модел на спознание" (А. Турен), „микроелектронската револуција" (А. Горц) и сл; Во однос на прашањето за движечките сили на општествениот развој, постиндустријализмот ја актуелизира тезата дека изборот на историскиот новум е лоциран надвор од „структурата", односно надвор од „индустрискиот" општествен систем. Како негово родно место е утврдено специфично подрачје од општествениот тоталитет: „квазиавтономниот карактер на науката" (Д." Бел), „саморефлексивната способност на општеството" (А. Турен), „техничката еволуција" (А. Горц) и сл.

Ваквото дефинирање на историскиот новум — како во однос на редот на општествени факти кој се хипостазира како таков, така и во однос на неговиот извор — условува поимање на „пос-индустриското општество" како стварен историски дисконтинуитет, а не како процес на функционално прилагодување на постоечкото, „индустриското" општество, кон промените во опкружувањето. „Пост-индустриското општество" е историски нов тип на (ре)продукција на индивидуалниот и социјалниот живот по тоа што негова централна социјална матрица не е „трудот", односно организацијата на трудот. „Пост-индустриското општество" веќе не е „трудово општество" (или, „општество на трудот"). Притоа, „укинувањето на трудот", за кое зборува постиндустријализмот не значи укинување на трудовата дејност во социо-онтолошка туку во социо-аксиолошка смисла. „Пост-индустриското општество", исто така, ја познава и организира трудовата дејност, меѓутоа за разлика од „индустриското општество", таа овде е единствено фактор за општествено-системска интеграција на поединецот, а не столб на личниот и колективен идентитет.

Покрај, накусо назначената, проблемски-насочувачка, т.е. хеуристичка функција на „постиндустриските универзалии", тезата за

парадигматска структуираност на теориите втемелени врз овие идеи се потпира и на сознанија за нивната проблемски-решавачка функција.

Таквата функција на „постиндустриските универзалии“ ја откриваме со анализа на нивното влијание врз концептуализацијата, т.е. теориското дефинирање (решавање) како на новооткриените така и на постојните теориски проблеми на социологијата на општествениот развој. Споредбената анализа покажа дека под влијание на теориско-методолошките премиси на концептите „технократско општество“ и „општество на знаењето“, теориите за „пост-индустриското општество“ развиваат слични решенија, на пример, во однос на прашањето за социјална смисла и перспективите на „капитализмот“ и „социјализмот“; промените и карактеристиките на општествената стратификација, односно на социјалниот и политичкиот субјективитет во современото општество итн. Во однос на прашањето за социјално-историската смисла и перспективите на „капитализмот“, односно „социјализмот“, анализираните теории се согласуваат со хипотезата дека двата, како варијанти на еден ист („индустрискиот“) општествен систем, исчезнуваат, односно дека „пост-индустриското општество“ е „пост-капиталистичко“ и „пост-социјалистичко“. Во однос, пак на прашањето за општествената стратификација, испитуваните теории се согласни со тезата дека социјалниот субјективитет ги напушта старите, „индустриски“ подрачја и облици на сопствена артикулација и дека изнаоѓа други, „пост-индустриски“. Односно, социјалниот субјективитет во „пост-индустриското општество“ се артикулира низ нов, „не-класен“ облик и механизам: статуси и ситуси, елита и маса (Д. Бел); „нови општествени движења“ (А. Турен); „не-класа“ (А. Горц).

Погоре, само фрагментарно назначените сознанија за проблемски-насочувачките и проблемски-солуциските влијанија на „постиндустриските универзалии“, односно врз нив развиените концепти, се основните аргументи во прилог на тезата за парадигматската структурираност на испитуваните теории за „пост-индустриското општество“. Притоа, поимот „парадигма“, односно атрибутот „парадигматска“ се употребува со значење дефинирано со концептот „парадигматска теорија“ или „концептуална парадигма, развиен од В. Африќ[25].

Објаснувањето на епистемолошката функција на „постиндустриските универзалии“ со концептот „парадигматска теорија“, а не со Куновиот концепт „парадигма“ ја има таа предност што Африќевиот концепт не претпоставува и не открива „психолошко единство“ помеѓу испитуваните теории. Имено, концептот „парадигматска теорија“ на проблемот со идејните, односно вредносните аспекти — во конкретниот случај на испитуваните теории — гледа, т.е. го дефинира како работа на подлабоко, метатеориско ниво на ставови — аксиоми и премиси. Тоа овозможува откривање на позитивно-теорис-

---

[25] Пошироко за ова кај В. Африќ (V. Afrić „Struktura sociološke teorije“, Naprijed, Zagreb, 1989).

ките сличности помеѓу испитуваните теории и истовремено одбегнување на замките на премисата за исклучивост помеѓу различните, Куновски дефинирани „парадигми“.

Во вакви теориско-методолошки рамки, тезата за парадигматска структуираност на испитуваните теории значи дека тие се потпираат врз систем од концепти кои претставуваат речник во чии симболички рамки се осмислуваат различните постиндустриски универзалии.

Имено, постиндустриските универзалии од кои поаѓаат теориите за „пост-индустриското општество“, првично не се „експланаторни пропозиции“ — идеи, т.е. искази кои објаснуваат; туку експликанди — идеи, т.е. искази кои треба да бидат објаснети, односно теориски дефинирани во рамките на некој посебен научен домен, значи концептуализирани.

Како експликанди, постиндустриските универзалии не се дедуцирани од некоја позитивна теорија за современото општество, туку изведени „... било по аналогија, било како рационални конструкции од севкупното знаење ...“[26], со кое располага социолошката теорија воопшто, а теоријата за општествениот развој посебно.

Во обидот да се концептуализираат различните идеи за „пост-индустриско општество“ испитуваните теории постануваат постиндустриски теории за современото општество. Значи, тезата за парадигматска структурираност на испитуваните теории, всушност тврди дека истите настануваат и опстануваат како резултат на обидот за социолошка концептуализација на мноштвото идеи (идеи на постиндустријализмот, т.е. постиндустриски универзалии) кои не се исклучиво продукт на науката, туку на социјалната имагинација воопшто.

Резултат на таквиот напор е развивањето на неколку клучни концепти и тези околу кои се создава комплексен појмовно-категоријален апарат. Меѓу најзначајните, секако се поимите: индустриско општество, пост-индустриско општество, технократско општество, општество на знаењето, индустриски капитализам, индустриски социјализам, научно знаење, организација, индустриски класи итн.; потоа тезите за прераснување на науката во главна производна сила, за укинување на трудот и општеството на трудот, за исчезнување на класите на индустриското општество, односно на класниот политички субјективитет воопшто, за настанување на нови облици на социјален субјективитет воопшто, за настанување на нови облици на социјален субјективитет итн.

Споменатата специфичност на Африќевиот концепт, „парадигматска теорија“ — неговото својство да го одмине проблемот на „психолошкото единство“ — овозможи анализата на испитуваните теории да се ослободи од замките на прашањето за (не)вистинитоста на погоре назначените и низа други концепти на постиндустриската парадигматска теорија за современото општество. Поради

---

[26] Afrić V. цит. дел. стр. 137.

непосредно поврзување на идејните, т.е. идеолошките ангажмани за содржинскиот аспект на концептите (Кун овој аспект на „парадигмата" го означува со синтагмата „прекутно знаење") поставувањето на прашањето за (не)вистинитоста на одредена теорија го покренува механизмот на „исклучивост". Во таков контекст, пак, не постои можност за теориски дијалог, односно за откривање на неговите претпоставки и можности — на што упатува тезата за парадигматска структурираност на испитуваните теории.

Општеството е тотален социјален феномен, односно, во позитивно теориска смисла комплексен проблем, така што на тоа подрачје има место за различни и, уште повеќе, за индивидуално осмислени вистини. Вистините на социјалниот свет се „договорни вистини", т.е. тие се симболи. Постоењето на взаемно разбирливи симболи е основна претпоставка на секоја комуникација и обратно, штом постои комуникација (во конкретниот случај тоа е дифузијата на идеите на постиндустријализмот), тогаш постои и единствен јазик или код на комуникација. Универзалноста на речникот на постиндустријализмот покажува дека современата теорија за општествениот развој постигнала договор околу кодот, односно фреквенцијата на која ќе оперира.

Благодарение на тоа, критичката анализа веќе ги идентификува модулациите на таа фреквенција. Така на пример, И. Кувачиќ наоѓа дека „... теоретичарите како Р. Арон, Д. Бел, А. Гиденс, се склони... да ја заменат теоријата на класното општество со ТЕОРИЈА НА ИНДУСТРИСКОТО ОПШТЕСТВО..."[27]. Во оваа насока, резултатите од испражувањето ни даваат за право како приврзаници на истиот теориски потфат да ги вброиме, уште А. Турен и А. Горц, а преку нив и еден поширок круг на еманципаторски инспирирани концептуализации на постиндустриските универзалии.

Исто така, тезата за парадигматска структурираност на испитуваните теории, а со тоа, посредно, и тезата за иста таква структурираност на постиндустриските универзалии, воопшто, ја поткрепуваат и сознанијата кои ги соопштува В. Катунариќ. Имено, тој наоѓа дека „... Бахро, Горц, Турен, како и Бел и Кахан, и нивните бројни следбеници меѓу приврзаниците на новите општествени движења...", на различни начини ја застапуваат идејата за „дуалистичко општество"[28]. На ист заклучок наведува и доказот на З. Видаковиќ дека различните варијанти на „теорија на постиндустриското општество", ја декомпонираат класичната теорија за класите[29].

Ваквите сознанија го легитимираат испитувањето на местото и значајноста на постиндустриската парадигма за социолошката теорија за развојот на современото општество.

---

[27] Kuvačić I. „Obuzdana Utopija", Naprijed, Zagreb, 1986, стр. 82. Курзивот е оригинален.

[28] Katunarić V. цит. дел. стр. 24.

[29] Vidaković Z. „Marks i savremeni svet", Radnička Štampa, Beograd, 1981, стр. 311—325.

## III. Постиндустријализмот и развојот на социолошката теорија

Обидот за оценка на местото и значајноста на постиндустријализмот за современата социолошка теорија е воден од мислата дека од социологијата, воопшто, а од социолошката теорија, посебно, не доволно ако таа, едноставно, останува во дослух со „духот на времето" во кое се актуелизира. Таа треба да оди чекор понапред, односно да биде прв гласноговорник на тој дух и да ги промовира неговите визии. Но, за да го постигне тоа, социологијата не смее да остане на нивото на мислењето кое П. Слотердијк го нарекува „врапчешка филозофија" туку, таа мора да ги развива своите спознавателни способности по примерот на „Минервиновиот буф"[30]. Тоа пак, значи дека на прашањето за објективноста, научна и социјално онтолошка, треба да му пристапи како на саморефлексија на човекот како социјално суштество, односно да го дефинира спознанието како „социјална конструкција на реалноста"[31], а не просто како „одраз" или „израз" на некаква социо-онтолошка реалност.

Така дефинираната епистомологија на социолошкото спознание нуди нешто повеќе од средување на факти и зборови. Односно, нуди концептуален говор или општествена визија. Што, во таа смисла протолкувана, нуди постиндустриската концептуална парадигма?

Одговорите на ова прашање не се еднобразни. До скоро, тие се движеа помеѓу две крајности. На една страна, отфрлање на постиндустријализмот — протолкуван како современа варијанта на т.н. буржоаска идеологија"[32], или пак како „... апологија на технократската реорганизација на капитализмот во структурална криза..."[33]. Односно на друга страна негово прифаќање како „... најуспешна ИНОВАЦИЈА на општествените науки во последните децении..."[34].

Валоризацијата на значајноста на постиндустријализмот за социолошката теорија, во овој труд, се потпира врз сознанијата на аналитичарите кои во него гледаат обид за надминување на ограниченостите на класичните теории за општествениот развој, а пред сè на функционализмот, марксизмот и елитизмот[35]. Притоа, сегашниот обид назначува само неколку, најзначајни аспекти.

---

[30] Sloterdijk P. „Kopernikanska revolucija i ptolomejsko razoružanje", Bratstvo Jedinstvo, Novi Sad, 1988, str. 18.

[31] Berger P. and Th Luckman „The Social Construction of Reality" Penguin Books, London, 1976.

[32] Наука, Москва 1978, „НТР и кризис савременой буржоазной идеологии".

[33] Vidaković Z. „Teoriska apologija kapitalizma u strukturalnoj krizi: Ultra tehnokratska sociologija", во GLEDIŠTA, God. XVIII. br. 11—12, 1977. стр. 1007—1053. 1977.

[34] Stearns P. „The Idea of Post-Induustrial Society: Some problems" во Journal of Social History, Vol. 17. № 4. 1984. 685—693.

[35] За пример да ги спомeнеме анализите на A. Swingewod „A. Short History of Social Thought", Macmillian, London, 1984; V. Katunarić, 1986. цит. дел.; Z. Vidaković „Smena Istoriskih doba" CID, Beograd, 1988.

Најпрво, придонесот на постиндустријализмот за развојот на социолошката теорија се наоѓа во настојувањето за позитивно-теориската елаборација на премисите на општата теорија на системите, на една страна и на премисата за дуална оганизација на социјалниот простор, на друга страна. Со таквиот потфат се насетени можностите за развивање нова теорија за социологијата и општеството. Таквите можности, на полето на теориската социологија, најпрегнантно, иако не без видливи слабости, ги изразува Туреновиот проект наречен, „Социологија на делувањето", односно „Социологија на општествените движења". На полето на теоријата за општеството, овие можности ги афирмираат: Беловата концептуализација на премисата за „дисјункција" помеѓу различните сфери на социјалниот живот[36]; Горцовите концепти „не-општество" и „ослободен субјективитет"[37]; и Туреновиот концепт „историчност"[38].

Заедничкиот деноминатор на овие три обиди, не е класичната дистинкција помеѓу „државата" и „општеството", туку современата иновација, дефинирана како дистинкција помеѓу „општествениот систем" (концептот „системска интеграција", на пример) и социјалниот тоталитет, односно „опкружувањето".

Воведувањето на оваа идеја во метатеорискиот дискурс на општествената наука е заслуга на Н. Лухман[39]. Меѓутоа, се чини дека неофункционализмот не е предодреден да остане единствен афирматор на премисата за дуална организација на социјалниот простор. Туреновата теорија за општествениот систем и општествените движења нуди опиплива можност за критичка елаборација на оваа премиса. Така на пример, З. Видаковиќ оценува дека Туреновата елаборација на оваа теорија може да биде плодна рамка за објаснување на историјата, а веќе денес и на распадот на „реал-социјалистичкиот" општествен систем[40].

Воопшто, премисата за дуална организација на социјалниот простор, носи големи можности за развивање на социологија која би била синтеза на позитивизмот и критичката теорија, односно синтеза на „социологијата" и „дијалектиката", според В. Катунариќ[41].

Врз вакви метатеориски премиси изведениот и развиен социолошки проект веќе се покажува како извор на сознајно делотворни социолошки теории — теории во смисла на концептуални шеми, кои би биле прикладни за објаснување на социјалните феномени кои го карактеризираат современото општество. Тука, пред сè, ги имаме предвид можностите што постиндустриската концептуална парадигма ги отвора на планот на развивањето на теоријата за општестве-

---

[36] Bell D. цит. дело.

[37] Gorz A. „Paths to Paradise — on the Liberation from the Work", Pluto Press, London, 1985 i A. Gorz „Zbogom proletarijatu" Radnička Štampa, Beograd, 1982.

[38] Turen A. „Sociologija društvenih pokreta", R. Š. Beograd, 1983.

[39] Luhman N. „Teorija sistema", Globus, Zagreb, 1981.

[40] Vidaković Z. „Socijalizam — pokret i projekat" во GLEDIŠTA (Beograd), God. XXVII. br. 1—2. стр. 76—91.

[41] Katunarić V. цит. дел.

ниот развој; социјалната револуција; општествената стратификација; колективната акција, воопшто, а за развивањето на теоријата за класите, посебно; потоа, за развивање на социолошка теорија за државата, за технологијата, односно за знаењето воопшто; и, исто така, за развивање нова теорија за еманципаторските проекти и движења.

Елаборацијата на конкретните придонеси на постиндустриската концептуална парадигма за развојот на споменатите социолошки теории, се потпира врз резултатите на изведената споредбена анализа.

Во таа смисла, се нагласува Туреновиот придонес за развојот на теоријата за класите. Дефинирањето на класите со посредство на концептот „општествени движења" овозможува превладување на функционалистичката теорија за општествената стратификација и колективната акција, но истовремено и на антагонистичката, класна теорија присутна во марксистичката социологија. Сепак, не навлегувајќи во подетална разработка на оваа теза, треба да се укаже на една битна слабост на постиндустриската теорија за општествената стратификација, воопшто, а на теоријата за класната структура, посебно.

Станува збор за основната единица на истражувањето. Постиндустријализмот таква рамка наоѓа во „националното" општество, т.е. во државно омеѓениот општествен систем. Претставниците на постиндустријализмот ја испитуваат општествената стратификација на посебните, конкретни општества, како потполно автономни и саморепродуктивни целини. На тој начин, постиндустријализмот останува затворен за резултатите на т.н. „светско-системска теорија" за современото општество, најуспешно елаборирана од И. Валерстеин[42].

Што се однесува до теоријата за колективната акција, постиндустриската концептуална парадигма афирмира неспорни аргументи во прилог на тезата дека класите не се единствените значајни социјални субјекти кои делуваат на политичкото и, посебно на „социјалното" поле. Покрај нив, таа ја открива и значајноста на етничките, националистичките, статусните и други облици на колективното делување. Истовремено, постиндустријализмот, а посебно Туреновата елаборација, останува отворен за спознавање на различните механизми на поврзување помеѓу класните и другите облици на колективна акција.

Придонесите на постиндустријализмот на овој план би биле далеку поголеми доколку успее да ги надмине замките кои, на метатеориско ниво му ги поставува Масловата теорија за хиерархија на мотивите. Имено, постиндустриската аргументација на премисата за „пост-материјалистичка" и „саморефлексивна" вредносна ориентација на новите општествени движења, се изведува во рамките на концептот „општество по сиромаштијата". Тоа пак, по многу нешто, потсетува на Масловата теорија, според која мотивите од I ранг — глад, жед, студ и сл. — се примарни моделатори на индивидуалната акција.

---

[42] Wallerstein I. „Suvremeni svjetski sistem", CEKADE, Zagreb, 1986.

Се чини дека успешноста на постиндустријализмот во надминувањето на овој проблем ја одредува начинот на концептуализација на специфичностите на колективната акција, во споредба со индивидуалната акција. Имено, од аспект на идејните премиси, постиндустријализмот афирмира еден (нео)либерален комплекс на вредности. Таквиот идеен ангажман овозможува „социолошки структуралистичко", наспротив „индивидуалистичкото" или „колективистичкото", разрешување на едно од темелните метасоциолошки прашања[43].

Станува збор за прашањето за социоонтолошкиот статус на различните облици на колективитети, или колективни акции. Во контекстот на ваквото разрешување на овој проблем треба да се протолкува значајноста на постиндустриската премиса за дуална организација на социјалниот простор. Истата, отвора можности за елаборација на еманципаторски инспирираната визија, односно политички проект кој ќе значи подредување на „општеството", всушност на различните колективитети и колективни акции (класа, нација, општество и сл.) на индивидуалната слобода, односно на сферата на автономната, хоризонтална социјална интеракција.

Ваквото втемелување на еманципаторскиот проект, посредно, ја објаснува приврзаноста на постиндустријализмот кон она што И. Кувачиќ го нарекува „зауздана утопија"[44]. Ова сознание, пак, од своја страна, ја легитимира, на почетокот од овој труд изнесената оценка дека постиндустријализмот — почнувајќи од А. Пенти, па сè до денес — е производ на обидот за синтеза на позитивизмот и марксизмот. Токму ваквата оценка за постиндустријализмот е клучниот поттик за валоризација на неговото место во современата социолошка теорија. Во тој правец, социолошкиот постиндустријализам се лоцира „на патот на широкиот спектар на синтетички потфати во современата социолошка теорија", односно се вреднува како чин на обидот за задоволување на потребата за постигнување „. . . консензус во социолошката теорија . . ." за современото општество[45].

Ilo TRAJKOVSKI

## THE POSTINDUSTRIALISM AND THE SOCIOLOGICAL THEORY

(Summary)

In this article the author presents the main results of his comparative analysis of the conceptual structure of the theories of post-industrial society developed by D. Bell, A. Touraine and A. Gorz. In

[43] Концептите: „индивидуализам", „колективизам" и „социолошки структурализам" се преземени од П. Штомка (P. Sztompka „Sociological Dilemas: Toward Dialectical Paradigm", Academia Press, N. Y. 1979.

[44] Kuvačić V. цит. дел.

[45] Ritzer G. „Agency-Structure and Micro-Macro Syntheses: Consensus in Contemporary Theorizing", Uppsala. SCASSS, 1989. цитирано според P. Sztompka „Društvo iz, perspektive postajanja" vo SOCIOLOGIJA (Beograd) Vol. XXVIII, br. 1—2 (1991), од 1—26, стр. 16.

contrast to the conventional classification of the theories of post-industrial society, i.e. the distinction between »left« and »right« or beteween »de-industrialization« and »hyper-industrialization« variants, according to authors' major theoretical statement: the above-nomed theories are »paradigmatically« structured. This statement is argumented by colling upon some conclusions about the theoretical functions of the building concepts of the theories of post-industrial society such as the concept of »tehnocratic society« and the concept of »knowledge society«.

Furthemore, unlike A. Giddens (1971), K. Kumar (1978) and R. Badham (1986), the author argues that, what he calls, the postindustrial »paradigmatic theory« is not simply and solely a shadow of the »industrial society theory«, but a sociological elaboration of »the post-modernism«. On this base, the author concludes that concept (as well as, the theory) of post-industrial society opens the door to develop a new, i.e. postmodern sociological theory.

УДК 364.4.001

Нано РУЖИН

# СПЕЦИФИЧНОСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА

Под поимот социјална политика се подразбира збир на мерки преземени на ниво на една нација, народ (држава) со цел да се подобрат или променат условите на материјалното или културното живеење согласно прогресивниот развој на социјалното право и економските и политичките можности на односната држава во дадениот момент.[1] Социјалната политика покрива еден домен кој го ситуираме меѓу феномените на економското, односно меѓу две мошне блиски и заемни свери врз кои реципрочно се потпира. Оттука социјалната политика, пред сè, се темели врз оптималноста на *стопанскиот модел* од една и *системот на политичкото организирање,* од друга страна.

Нејзината координација, анимирање, обем и квалитет по дефиниција ја обезбедува *државата* односно нејзините органи. Според тоа, може да се констатира дека содржината на социјалната политика е одредена од стопанскиот модел односно неговата економска политика што тој модел ја произведува и од политичкиот режим односно државата која се темели врз истиот модел.

Зависноста на социјалната политика од првата група детерминанти се манифестира низ расположивоста и користењето на неоп-

---

[1] Во стручната литература постојат бројни дефиниции за социјална политика. Најпопуларна е онаа на д-р Душан Лакичевиќ според која „..Социјалната политика е слободна општествена дејност за подобрување на животните и работните услови на луѓето..“ При тоа за да им даде марксистички белег на овие дејности, авторот ги истакнува принципите на социјалистиката солидарност и заемност како основни принципи на социјалната политика. Види, Душан ЛАКИЧЕВИЋ „Увод у социјалну политику“, Београд: Савремена администрација, 1982 г., Трето дополн. издание, стр. 8.

Слична дефиниција за социјалната политика како „организирана, договорена и планирана активност и збир на мерки како и чинител на социјалниот развој кои се темелат на принципите на солидарноста, заемноста и социјалистичкиот хуманизам...“ елаборира и д-р Милосав МИЛОСАВЉЕВИЋ „Социјална сигурност у самоуправном друштву“ Београд: Научна книга, 1988, стр. 12.

Од друга страна, според мислењето на либералната доктрина за социјалната политика, „основна цел на социјалната политика е овозможување на индивидуиите да задоволат одреден број суштински потреби кои се наоѓаат на пазарот..“ Подетално Xavier GREFFE „La Politique Sociale“, Paris: PUF, 1975, str. 3.

ходните финансиски и материјални средства (непосредно), односно кадровскиот потенцијал (посредно). Втората група детерминанти меѓу кои се издвојува улогата на државата се манифестира низ активностите на нејзината интервенција, која може да биде *спонтана* или *изнудена* со посредство и притисок на организираните политички или општествени групи.

Специфичноста на социјалната политика не се исцрпува единствено со географијата на нејзиното ситуирање меѓу споменатите сфери на економското и политичкото. Напротив, тоа е само една димензија на социјалната политика.

Следната карактеристика произлегува од нејзиниот raison d'etre, чија конечна цел може да се резимира низ возвишената идеа за реализација на *социјалната правда*. За афирмација и реализација на таквата цел и функција, социјалната политика задолжително треба да биде во постојан *немир, движење* и *развој*, бидејки нејзината суштинска цел е *човекот*, а нејзиното основно начело е зачувување на *достоинството на неговата личност*. Личноста односно индивидуата како генеричко суштество може да биде член на една група, потчинет член на таа група, поширока заедница на групи или пак на слободниот универзум. Во овие контексти, егзистенционалната и духовната судбина на индивидуата е без граници.

Историски гледано, појавата на социјалната политика претпоставува соодветна оптимална општествена, економска, политичка, културна и психолошка рамка, чија манифестација посилно се чувствува кон почетокот на XIX век, со развитокот на индустријализацијата и прогресот на демократијата во тогашните централизирани држави на Западна Европа. Едновремено со развитокот на граѓанската свест следи ренесансата на политичките а нешто подоцна и на социјалните права. На тој начин се создадени теориски можности за промовирање на социјалната политика, но тој простор нема да биде исполнет механички и без отпор. Имено, индустриски развиените земји на XIX век, штитејки ги тековите на доминантниот либерален начин на пазарно стопанство кое функционира врз принципите „laisser — passer; laisser — faire" не го стимулираат воспоставувањето на социјалната политика.

Таквиот став на либералните првенци и авторитети е разбирлив со оглед на лошите искуства со државната агресија против која тие настапувале во поблиското минато. Имено, државната традиција на предлибералниот режим, се издвојувала со строгиот интервенционизам како во економскиот така и во социјалниот домен по пат на високи даночни стапки, но и во функција на својата политичка безбедност и стабилност. Просторот на социјалната политика во стариот режим го исполнувала даночната политика, чии модалитети ги детерминирале условите на живеењето на народот, посебно на селанството, врз кое паѓа најголемиот товар на давачките.

Меѓутоа, изненадувачкиот пораст на богатството стекнато врз принципите на пазарната економија и сведувањето на улогата на државата во обичен чувар на редот, уште повеќе ги убедило либералите во оправданоста на нивната анти-интервенционистичка по-

зиција. Секавичната акумулација на богатството, далеку од логиката на разрешување на проблемите на сиромаштијата кои ги покажуваат своите драматични и спектакуларни димензии, особено во урбаните средини, интензитетот на миграцијата село-град, влијаат врз формирањето на една масивна пролетерска класа, чија социјална состојба на перфектен начин ќе ги прикаже и анализира Енгелс во делото „Состојбата на работничката класа во Англија" (1845).

Едновремено, тоа е период на гласни реагирања на социјалистите чии опции, сè повеќе пацифистички, се изразуваат низ идеите на еден Сен Симон, Фурие, Овен кои повеќе сметаат врз свеста и совеста на владеачките авторитети отколку врз заканата и притисокот на социјално загрозените и бедните.

Но набргу низ личноста и делото на Грахус Бабев „Суд на народот" (1794—6) чии едеи се исковани во жарот на Француската револуција, и ке изнајдат соодветно место во Манифестот од 1848 година, ќе се промовира повикот за комунистичката револуција.

Социјалистите во опозиција заедно со либералите во споменатиот историски миг ке извршат силно влијание, кое под одредени претпоставки можело да еволуцира во понагласена интервенција на државата во социјалниот домен. Меѓутоа набргу се покажало дека радикалниот карактер на социјалистичките ревандикации им послужило на либералите како алиби, за да по освојувањето на власта ги одбијат поголемите зафати на планот на социјалната политика и социјалниот развој.

Меѓутоа, независно од симболичниот Feed Back на социјалистичките побарувања, во сите сегменти на општеството, а пред сè меѓу интелигенцијата, ке зајакне свеста за ширината и опстојувањето на социјалната криза, иако на тој план нема да бидат преземени поголеми зафати сè до последната четвртина на XX век.

Споменатата ретроспектива има за цел да го апострофира релативно новиот карактер на социјалната политика и референците кои врз себе ги носат напредните движења во XIX-от век, односно улогата на либерализмот во историјата на социјалната политика.

За поконкретно согледување и комплетирање на значењето, содржината и дефиницијата на социјалната политика е неопходно да се анализираат нејзините константни актери — Државата и Синдикатот, како и почувствителните детерминанти: политиката на вработувањето, политиката на личниот доход, воспитно-образовниот систем и системот на социјалното осигурување.

## Константни актери на социјалната политика

### *Државата*

Основен актер на социјалната политика во секое општество е државата. Сите останати актери и чинители настојуваат посредно или непосредно да влијаат врз државата и на тој начин да ја насочат социјалната политика во еден или друг правец.

Независно што во прво време едвај десетина држави ја имаа дефинитивно ратификувано конвенцијата бр. 177 на Меѓународната организација на трудот, која се однесува на основните цели и норми на социјалната политика (1962), може да се каже дека основните принципи изразени преку член I значат еден скоро универзален теориски договор: „Секоја политика мора да води сметка во прв ред за доброто и развојот на народот, како и да ги охрабри аспирациите на тој народ кон социјалниот прогрес.

Содржината на претходниот став е космополитска но и противречна со нејзината практична примена и досегашните емпириски сознанија. Иако дефиницијата за државата е единствена, односно поимена како „народ или група на повеќе народи кои се организирани и потчинети на единствена власт и закони", социјалната политика која тие ја анимираа беше определена како од страна на владеачката идеологија, така и од функционалноста на прифатениот модел на економија; пазарно стопанство, мешовито или планирано стопанство. Згора на тоа врз конечната стратегија на социјалната политика дејствуваат и некои други пропратни категории кои им се иманентни на споменатите стопански модели. Конечно, во рамките на секоја држава односот на силите и противречностите на судирите на разните интереси и тенденции влијаат врз донесените одлуки кои практично ја ориентираат социјалната политика. Оттука произлегува дека улогата на државата во поглед на елаборирањето и анимирањето на социјалната политика се презентира низ повеќе хетерогени перспективи, кои тешко можат да се класифицираат во рамките на оптимално дефинираните типови.

Меѓу државата која ја продуцира социјалната политика и самата социјална политика се воспоставува заемен и динамичен однос на интеракција, која често делува врз „модифицирање на рамнотежата на силата".[2] На тој начин, со текот на времето доаѓа до менување на системот, така што истиот може да еволуира во сосема различна насока од замислениот иницијален модел. Тоа е всушност и вообичаената еволуција на секоја социјална политика која задолжително треба да биде развојна и динамична.

Аналитичарите настојуваат да одредат што попрецизни и поиндикативни критериуми за изразување на социјалната интервенција на државата. Во таа насока најчесто се споменува еден критериум, кој според мислењето на некои автори како Патрик де Лобиер (Patrick de Lobier)[3] е мошне лабав, но сепак во определена мерка мерливо квантитативен за да послужи да се оцени улогата на државата во социјалната политика. Тоа е висината на средствата наменети на социјалната заштита, изразени во просечни поединечни примања на нејзиниот корисник.

Меѓутоа, таквите бројчани индикатори не се доволни попрецизно да се одреди улогата на државата во доменот на социјална-

---

[2] Jean PARENT, »Le modèle suedois«, Paris: PUF, 1987; str. 17.

[3] Patrick le LOBIER, »La politique sociale dans les sociétés industrielles — 1800 à nos jours«, Paris: Economica, 1984, str. 11.

та политика. Имено, често нејзината активност на тој план може да се маскира во вид на економска и политичка стратегија, додека видливата социјална компонента би била активирана како дополнителен претекст. Независно од тешко мерливата улога на државата во доменот на социјалното, државата останува константен актер од кого почнува, се осмислува, развива, анимира и стимулира социјалната политика. Таа почнува и завршува во државата. Државата е основната претпоставка и носител на секоја социјална политика. Доколку не постои државата, нема да постои ниту социјалната политика. Сето останато, вклучувајќи ги акциите на црквата или добротворните организации се вид социјална заштита или милостиња.

*Синдикализам*

Синдикалното движење или синдикализмот, претставува значаен константен актер на социјалната политика, кого го среќаваме на сите меридијани и во рамките на сите политички режими. Речиси е неможно да се даде прецизна и глобална оценка за неговата улога, не само во доменот на социјалната политика туку и воопшто во политичкиот систем, бидејќи тој е различно организиран и функционално институционализиран.

Во суштина, може да се направи одредена компаративна разлика меѓу синдикализмот од либерален тип и оној кој беше присутен во режимот на реалниот социјализам, вклучувајќи ја нашата земја и поднебје.[4]

Либералниот синдикализам на најпрецизен и најаналитички начин кон крајот на минатиот век го обработува социологот Беб (Webb) кој ја дава и следната дефиниција: Синдикализмот е едно постојано здружение на надничарите (вработените) со цел да ги задржат или подобрат нивните работни услови.

Во принцип, акцијата на синдикатот во доменот на социјалната политика се ефектуира независно од волјата на државата и главно преку состојби на конфликт со оние кои владеат.

Историски анализирано, синдикализмот се организира во услови на сучелени и непријателски интереси, било од страна на владата, било од страна на работодавците, а понекогаш и на обата заедно против синдикалното движење, кое од своја страна еволуира во *работничко движење*. Целиот овој период е дефиниран како *период на синдикализам во услови на класна борба.*

---

[4] Како што е познато, основна карактеристика на синдикализмот во земјите на реалниот социјализам е целосна зависност и трансмисиона поставеност на синдикатот во однос на водечката и единствена партија. И покрај сите настојувања да се покаже независната позиција на синдикатот во СФРЈ и некогашна СРМ неизбежна е констатацијата дека завршувајќи со претпоследниот Претседател на Синдикалниот Совет на СР Македонија, сите нејзини лидери беа членови на КПЈ/СКЈ односно на највисоките раководни органи на СКМ.

Согласно актуелноста на позициите на синдикализмот во однос на неговите главни опоненти — владата како политички актер или патронатот (работодавачите) како економски актер, борбата на работничкото движење добива политичка или економска содржина. Меѓутоа, синдикализмот нема да може да добие поголемо општествено значење сè додека не се реализираат одредени економски и политички предуслови за неговото нормално функционирање во социјалниот домен. Сите тие предуслови се сврзани со терминот *признавање*.

Имено, за да заживее функцијата на синдикализмот во доменот на *социјалната политика е неопходно признавање на неговата организација и значење како од страна на политичката власт, така и дефинирање на неговото место во претпријатието односно признавање од страна на работодавачите (патронатот)*.

Кога овие два споменати услови ќе бидат исполнети и респектирани, синдикализмот од либерален тип прераснува во сериозен актер чие влијание е решавачко за развојот на социјалната политика. Во спротивно, синдикалната акција останува главно маргинална, политизирана и тесно корпористичка, без излез и влијание врз социјалната политика.

*Вториот тип синдикализам, кој често го нарекуваат советски тип на синдикализам*, а чија варијанта егзистираше и во Југославија, *е карактеристичен поради своите тесни врски со политичката* власт. Таквиот синдикализам не им служи директно и стриктно на интересите на членството, туку е задолжен со одредени општествено-политички и економски задачи да ги брани интересите на владеачката партија и режим од можните социјални и политички немири на работниците. Во такви услови на дејствување само по себе се наметнува прашањето, дали еден синдикализам од таков вид би можел да се наметне како актер на социјалната политика?

Во стриктното значење на овој израз, доколку синдикатот се однесува како инструмент на администрација чии методи и проекти се целосно политизирани, нема соодветен простор за неговото експонирање како актер на социјалната политика. Сепак можно е како што тоа беше случај во последните неколку години со „Солидарност" во Полска, односно пред воведувањето на повекепартискиот систем во нашата земја, синдикатот да „избега" од контролата на партијата или државата. Во такви прилики, синдикатот еволуира од обичен „слеп инструмент" *на политичките авторитети во позиции на зголемена автономија*, со цел да го заштити своето членство од моќните центри на одлучување.

Меѓутоа, без желби за посегање кон некаков болшевички апологетизам, освен во Република Словенија и донекаде Република Хрватска, републичките синдикални организации во кои првиот човек по дефиниција беше член на Сојузот на комунистите, само спорадично можеше да ја зачува својата автономност, а со тоа и статусот на агенс на социјалната политика. Впрочем, нормативните акти и законодавството му овозможуваа на синдикатот во самоуправна СФРЈ *формална независност*, статус на *формален актер* за анимирање на една формална *социјална политика*. Меѓутоа поради

отсуството на *стварната независност* на синдикатот, тој не се афирмира ниту како *вистински актер* на социјалната политика која и самата нема карактер на *вистинска социјална политика.* Според тоа во услови на така евидентен расчекор меѓу нормативното и стварното е фиксирана и улогата на синдикатот од советски тип во социјалната политика како расчекор меѓу нормативните рамки и она што практично се случува во праксата.

Во современите политички системи, државата и синдикатот остануваат најуниверзални актери на социјалната политика. Доколку, покрај оваа константна двојка се сретнат и други актери во некои политички режими, тогаш карактеристиките на тие актери се мошне специфични и несоодветни за попрецизна класификација.

## Домени на социјалната политика

Декларацијата за напредокот во социјалниот домен, усвоен од Генералното Собрание на ООН на 11. XII. 1969 година низ своите 27 начела ги истакнува главните домени на модерната социјална политика. Меѓу овие домени со своето значење се издвојуваат: *политиката на вработување, политиката на платите, социјално осигурување и воспитно-образовниот систем.*

Солидното функционирање на споменатите клучни детерминанти на социјалната политика има за цел достоинствено подобрување на материјалниот и културниот живот на сите членови на општеството, со едновремен респект и примена на основните слободи и права на човекот.

### *1. Политика на вработување*

Авторите на Уставот на Франција од 1848 година не сакале да го признаат правото на работа. Еден век подоцна, Универзалната Декларација за правата на човекот (1948) постулира дека „... секоја индивидуа има право на вработување ..." (чл. 23), со тоа што претходно потврдува дека „секоја индивидуа сама или во заедница има право на сопственост" (чл. 17). Препораките на Универзалната Декларација се прифатени како во земјите со пазарно стопанство така и во оние со планирано стопанство, иако во овие последниве се промовирани мошне гласно и амбициозно.

Во новата Декларација на ООН од 1969 година се чини чекор повеќе, на тој начин што изразот „право на работа" се надополнува со изразот „обезбедување на право на работа на сите нивоа" (чл. 11). Денес не е повеќе доволно да се предвидат социјалните давања и чинења во случај на губење на работното место, туку „да се фаворизира географската и професионалната мобилност на ра-

ботната сила согласно нивната професионална формација и оспособување“, се истакнува во препораките на Меѓународната организација на трудот.[5]

Современите размислувања во материјата на политиката на трудот и вработувањето претпоставува елаборирање на целосни развојни програми кои имаат за цел оптимален распоред на популацијата, со цел да се фаворизира прогресот на народот (државата) и еден урамнотежен социјален развој како на руралната така и на урбаната популација.

Оттука е евидентно дека политиката на вработувањето произлегува од социјалната политика. Меѓутоа доколку утврдените критериуми за водење на истата еднострано произлегуваат од тесните економски интереси на работодавците (патронатот), или од кусорочните политички интереси, тогаш политиката на вработување може да се најде надвор од содржините на социјалната политика. Првата состојба е можна во системот на пазарната економија, кога производниот апарат управува со движењето на луѓето во рамките на една земја. Втората е резултат на една политика на вработување која е инспирирана пред сè од политичките аспекти, каков што е случајот со СССР, Германија во 30-тите години, односно останатите социјалистички земји вклучувајќи ја и Југославија по Втората светска војна.

Независно од таквата пракса, сите познавачи на современата социјална политика сметаат дека неа ѝ припаѓа хипотеката врз политиката на вработување, особено кога се работи за глобални проекции на општеството и неговиот оптимален развој и урамнотежениот распоред на популацијата.

### 2. *Политика на платите*

Идеата за политиката на надниците датира од поново време, но нејзини поконкретно формулирани содржини се среќаваат уште кај швајцарскиот историчар и економист Леонард Сисмонди (1773—1842).

Во меѓувреме, во последниве 150 години, светот и Европа доживееа неколку индустриски револуции со значајни општествено-економски но и социјални консеквенции. Сите овие промени, кон кои ги додаваме и оние од психолошки и политички карактер (развој на демократизацијата синдикализмот), им наметнаа, особено на индустријализираните земји, задолжителни обврски за изготвување и анимирање политика на плати која ќе овозможи постојано подобрување на животните услови во функција на развојот на земјата. Оваа суштинска цел ја постулира и Декларација на ООН од 1969 година, според која „... брзиот пораст на националниот доход и

---

[5] BIT: »La securité des revenus face aux changements de structure«, 1969, st. 13.

богатството, и нивната рамноправна поделба меѓу сите членови на општеството, се во основа на целиот социјален развој, а тоа би требало да е и во преден план на сите држави и влади“. (Чл. 7).

Прокламираната „обврска“ на една оптимална политика на платите може во суштина да биде исполнета на неколку начини. Од една страна, можно е да се реализираат одредени опции политиката на плати зад која стои една доминантна група (партија) во полза на некои категории или сегменти на популацијата. Од друга страна можно е опциите на доходовната политика да не отстапат пред влијанието на организираните групи за пресија, и да бидат диктирани од патронатот (работодавците). Во првиот случај, политиката на доход се сведува на обична политика на платите додека во вториот случај таа ризикува да стане зависна од тесните побарувања на производството.

Исклучувајќи се од овие екстремни варијанти, современата содржина на доходовната политика се состои во настојувањата да задоволи три вида ревандикации карактеристични за модерното општество и тоа: *праведноста, еднаквоста, солидарноста.* Овие есенцијални принципи применети во политиката на платите на модерното општество би значеле следното:

— *Праведноста* како принцип да се однесува на сите плати, а не селективно на еден сегмент на населението, групи или заедници.

— *Еднаквоста,* претпоставува исклучување на дискриминацијата по секој основ како што се религијата, расата, полот, политичките определби, но и по основа на разните системски сектори како: земјоделството, индустријата, услугите . . .

— *Солидарноста* поимена во доменот на политиката на платите е насочена кон изнаоѓање „заеднички договор за утврдување *праведна плата* која не се темели според референците на вредноста на продуктивниот напор на овој или на оној работник или група, туку според виталниот социјален минимум, согласно животниот простор и време.[6]

Доколку споменатите принципи бидат почитувани во спроведувањето на доходовната политика, таа ќе може да се третира како интегрален дел на социјалната политика, во мерка во која истите ќе бидат респектирани.

## 3. *Социјално осигурување*

Задолжителното осигурување во полза на надничарите датира уште од времето на Бизмарковото законодавство во осумдесеттите години на деветнаесеттиот век. Првите социјални закони се однесуваат на осигурувањето во случај на болест (1883 год.), осигурување за несреќа при работа (1884), осигурување во случај на инвалидитет и старост (1889). Споменатите закони на задолжителното социјално

[6] Maurice PARODI, »Salaires, inflation et politique des revenus« Anali na Fakultet za pravno-ekonomski nauki; Aix en Provence 1964/I.

осигурување предизвикуваат голем интерес во Европа, но со исклучок на Австрија во ниту една земја не е проследен овој зафат. Единствено на иницијатива на Лојд Џорџ, неколку години подоцна Велика Британија, благодарение на буџетските средства, ќе создаде слично социјално законодавство.

На тој начин, двете најиндустријализирани земји на Европа на прагот на Првата светска војна, Велика Британија и Германија, оддаваат впечаток на системи со развиено социјално законодавство, од кое најголема полза имаат работниците вработени во големите индустриски сектори. Заеднички интерес на двете цитирани земји за воведување на социјалното законодавство е од политичка природа. Од една страна, се оттапува острицата на социјалните спротивности и немири, а од друга страна, со демократизацијата на општеството, работничката класа се трансформира во моќна изборна сила на која треба да ѝ се посвети поголемо внимание и низ призмата на социјалната политика.

Немирните економски и политички настани меѓу двете светски војни, особено оние за време на кризата од 1929 година, не му одат во полза на систематскиот развој на социјалното осигурување, освен непосредно пред почетокот на Втората светска војна и тоа во некои побогати индустриски земји.

По склучувањето на примирјето од Втората светска војна, системите на социјалното осигурување се консолидираат и комплетираат, особено во развиените индустриски земји. Впрочем, таквата еволуција е очекувана, со оглед на непосредната зависност меѓу финансиската подлога на државата и нејзините амбиции за анимирање на политички осмислена и правно заснована социјална политика.

На пример, според една студија на Меѓународното биро за труд, „... доколку внатрешниот просечен бруто производ по жител е повисок, толку повеќе е позначаен процентот од националниот производ кој се издвојува за социјалната заштита ...“[7]

Заемната тесна врска меѓу висината на доходот по жител и процентот на висината на внатрешниот бруто производ наменети на социјалната заштита како составен дел на социјалната политика, не се потценува и негира, но ниту се апсолутизира и преценува. Оваа дискрепанција ја потврдуваат и примерите со неколку најбогати земји и со највисок внатрешен бруто производ како САД, Канада, Швајцарија, кои независно од натпросечниот висок приход по жител, бележеа скромен пораст на социјалната заштита и социјалната политика.

Од друга страна, во земјите на планското стопанство, што ќе рече во земјите каде владееше еднопартискиот комунистички режим, социјалното осигурување е строго во служба на целите фиксирани од страна на државата. Така Томас Ловит (Thomas Lowit) го истакнува примерот за третманот на социјалното осигурување во СССР во 1933 година: „Законодавството на социјалното осигурување мора

---

[7] BIT: L'import macro-économique da la sécurité sociale, 1970 str. 79.

да придонесе како вид можен стимуланс за пораст на продуктивноста на трудот, и најширока експанзија на социјалистичката конкуренција за промени на секојдневниот живот во правец на социјалистичкиот развој".[8]

Во текот на истата 1933 година Централниот Совет на Советските синдикати на Дирекцијата на социјалното осигурување ѝ обезбедува одредени финансиски средства за позначителното ангажирање во доменот на нејзините активности. На тој начин е инаугурирана поакцентирана присутност на синдикатот од советски тип во доменот на социјалното осигурување.

Во изменетиот Статут на синдикатите на СССР во март 1968 година, од XIV Конгрес на синдикатите во СССР, се подвлекува дека: „... централната улога на синдикатот е да ги мобилизира масите со цел да бидат исполннети возвишените задачи од стопански карактер",[9] и понатаму „... на чело со Комунистичката партија на СССР како организирана и водечка сила на советското општество "[10]

Според тоа, социјалното осигурување чии начела благодарение на Бизмарковата иницијатива датираат од 1880 година, сопствениот полн процут ке го доживее по масивниот стопански раст од каде можат да се финансираат содржините на социјалното осигурување. Таквите поволни економски услови се исполнети во децениите по Втората светска војна, кога напоредно со снажниот прогрес на новите бранови на научно-технолошката револуција, слабее и стратегијата на класичниот либерализам.

Специфично е за современиот развој на социјалното осигурување, што одново се пронаоѓаат двете основни димензии на социјалната политика — *економската и политичката.* Новосоздадените економски и политички услови кои означуваат снажен економски раст, пред сè во индустриски развиените земји но и во оние со послаба стопанска инфраструктура, од една и нагласена демократизација во сите домени на животот, создаваат нови императиви пред социјалната политика. Во земјите со силна либерална традиција притисокот на стопанскиот бум, демократизацијата и индивидуализмот ги конституираат основните жалони на социјалната политика. Додека за сметка на тоа, во централизираните социјалистички земји, политиката ја апсорбира социјалната политика во име на една идеологија, која целосно ја потчинува индивидуата за сметка на групата.

### *4. Воспитување и образование*

Воспитувањето и образованието претставуваат многу значаен домен на социјалната политика и спротивно на досега елаборираните домени, речиси без исклучок оваа сфера во сите организира-

---

[8] Voprosy Strakhovania, juli — avgust 1933, citirano od Thomas LOWITH „Le Syndicalisme de type sovietique", 1971 стр. 27.
[9] Statut na Sindikatite na SSSR, Moskva, 1968; čl. II.
[10] Ibid. čl. 8.

ни општества претставува содржина околу која се ангажираат владите од најразновидните политички системи.

Епохата во која се појавува социјалната политика како посебна пракса и дисциплина, а тоа е крајот на XIX век, во поглед на воспитно-образовната дејност е епоха на религиозното учење. Впрочем сè до овој период преовладува таквиот вид учење.

Имено, тесните врски меѓу политичките и религиозните авторитети, иако периодично несредени и конфузни, создадоа еден вид политичко-религиозна моќ, како што тоа беше случај со Западна Европа, ексклузивно резервиран за дејностите на црквата, која долго време останува тесно поврзана со државата.

Историски набљудувано, разделбата меѓу црквата и државата започната со Реформистите во XVI век, најнапред реализирана во САД кон крајот на XVIII век, нешто по 1990-та година постапно и во Европа. Иако во најразновидни изданија, согласно националното поднебје, со раздвојувањето меѓу црквата и државата е отворен патот кон систематското образование и воспитување, инспирирано од страна на *лаицизмот*.

Лаицизмот се наметнува како неутрален или диаметрално спротивен аксиолошки систем, на религиозната настава и учење во зависност од односната земја. Кон таквиот заемен политички и религиозен сецесионизам, се наметнуваат императиви од практично-политичка природа, диктирани од општиот прогрес и демократизацијата во општеството.

Во современото општество, образованието и воспитувањето се интегрален дел на социјалната политика и им се придава стратегиско важно место во целите на социјалната планификација и глобалната стопанска стратегија.

Специфичноста на социјалната политика во однос на материјата на политичкото и економското е јасно изразена кога се во прашање начелата и критериумите на планификацијата на системот на образованието и воспитувањето.[11]

Дел од овие критериуми се главно економски како што е случај со методот на „работната рака" кој произлегува од претпоставениот однос меѓу уделот на воспитно-образованиот систем и неговиот економски ефект во стопанството. Имено, воведувањето на новите технологии како основни услови за брз економски напредок, претпоставува и адекватен систем на стручно дооформување или преквалификација на одредени традиционални профили. Во таа смисла, во секое современо општество се наметнува неопходноста од еластичен воспитно-образовен систем од чие функционирање подеднаква полза ќе имаат сите учесници во производството, вклучувајќи ја и државата. Меѓутоа, таквиот систем може да манифестира одредени слабости доколку образовната функција едноставно се сведува и е во функција на економскиот профит за сметка на остана-

---

[11] Philip H. Coombs, »Qu'est ce que la planification de l'éducation? UNESCO (IIPE), 1970.

тата популација. Во дел на земји од Западна Европа, негативните конотации на таквата селективна стратегија најмногу ја почувствуваа имигранските работници.

Останатите критериуми на социјалната политика за воспитно-образовниот систем се од *политичка природа.* Повоените искуства на нашата земја на овој план се повеќе од претерани. Имено разните синдикални школи, школи на марксистичко образование, вечерни политички школи, младински политички школи, школи на самоуправување, школи на млади марксисти кои се држеа дури и за работното време или пак во слободното време на работникот, кога е многу пополезно истите да се наобразуваат со практична наука отколку со идеологија, имаа за цел да *формираат одредена свест било за реализација било за задржување и зацврстување на една одредена политичка состојба.*

Конечно останува критериумот на социјалната политика на воспитно-образовниот систем кој се изразува низ *општата социјална побарувачка*, што ке рече народно колективната побарувачка за образование, односно збир на сите индивидуални побарувања во материјата на образованието и воспитувањето во одреден социјален простор и даден временски интервал.[12]

Општата социјална побарувачка на народот за образование и воспитување како интегрален дел на социјалната политика, може да се стимулира или регулира од зависност на материјалниот диспонибилитет на државата. Планирањето на динамиката на воспитно-образовниот систем ќе биде пооптимално доколку постојат одредени финансиски, кадровски и просторни услови. Едновремено, таа ќе биде во функција на современата концепција на социјалната политика, доколку еднострано не е детерминирана од строго економските или политичките императиви, туку од општата односно сегментираната побарувачка на жителите во руралните односно урбаните средини на општеството.

Nano RUŽIN

## LES SPECIFICITÉS DE LA POLITIQUE SOCIALE

(Rèsumè)

Quels sont les changements d'interprétation des notions de politique sociale suite à la chute du communisme? 1989, l'année des grandes continuités et discontinuités historiques, entraîne de nombreux changements dans les sociétés post-totalitaires ainsi que du point de vue d'interprétation de la politique sociale. La notion d'après laquelle le porteur principal de la politique sociale se trouve être le »producteur

[12] Jacques Founier »Politique de l'education«, Paris: Economica, 1971, 17—52 str.

direct« est remplacée par l'idée que le plus important et unique animateur est en fait l'état. Qui, mais quel état? Le deuxième grand rôle en politique sociale est assumé par le syndicalisme. De quel type de syndicalisme s'agit-il? Est-ce le syndicalisme de type bolchévique que nous avons expérimenté tout dernièrement et qui est caractérnsé par la fonction transmissive du pouvoir et ne possédant pas d'identité propre? Ou est-ce le syndicalisme libéral se déployant dans les sociétés libérales caractérisées par le modèle libéral de politique sociale „d'égalité de chancse« qui leur est immanemt. Au lieu d'intervenir directement sur le marché, l'Etat social s'entend agir directement sur l'individu afin de le former et rendre apte pour la bataille se déroulant sur le marché. Les principaux domaines d'action de cette conception sont: la politique d'emploi, la politique salariale, ot de récompensation, l'assurance sociale, le système éducatif et d'enseignement.

УДК 316.346.3—053.7

Верица СТАМЕНКОВА — ТРАЈКОВА

# ИНТЕРЕСИ, ВРЕДНОСТИ И ВРЕДНОСНИ ОРИЕНТАЦИИ НА МЛАДИТЕ

Општествените промени што се случуваат во нашата земја веќе десетина години и кои се особено интензивни последната година, се резултат на променетите општествени услови но и на променетата структура на идеологијата на носителите на тие промени. Старата идеологија и сфаќањата кои одговараа на претходната општествена ситуација, не можеа да се пренесат на новонастанатата. Затоа падна еден идеолошки систем, како последица не само на промените во општествените, политичките, економските, социјалните и други услови, туку и од променетата индивидуална и општествена свест кај луѓето. Се промени односот кон политичкиот плурализам, повеќепартизмот, општествената и приватната сопственост, самоуправувањето и друго.

Значаен дел од носителите на тие промени се младите, кои по природата на сопственото битие се заинтересирани за позитивните и прогресивни промени во сите подрачја од животот. Улогата на младите во остварувањето на овие промени значајно зависи од нивните интереси, ставови и вредносни системи кон позначајните прашања од општествениот живот, кои се и значајни детерминанти на нивното однесување во новонастанатата ситуација. Затоа, познавањето на нивните интереси кои претставуваат психолошка умереност кон одредена содржина и подготвеност таа да биде предмет на дејност, на вредносните ориентации како општи принципи на однесување и делување кон остварување на одредени цели, и на вредностите кои самите претставуваат цели, е од големо значење за предвидување на нивното однесување. Тоа е од интерес како за оние кои сакаат младите да ги искористат за запирање на општествените промени и зачувување на постојниот систем, така и за оние кои сакаат со нивна помош да дојде до општествено-политички и други промени.

Од тие причини, во периодот од последните десет години, период во кој според некои периодизации на општествениот развој, трае општествената криза во Југославија, се изведени значаен број истражувања на овие прашања на популација на млади. Истражу-

вачите (В. Гоати, 1979; Д. Нантиќ и сор. 1981; А. Милиќ, 1981; К. Костиќ, 1983; М. Арсиќ, 1985; С. Врцан, 1984, 1988, 1989; З. Голубовиќ, 1988; Ј. Алексиќ, 1989; С. Михајловиќ, 1989; М. Уле, 1989 и др.), дошле до одредени сознанија врз основа на кои поставиле и одредени заклучоци од кои значаен број се неприменливи за објаснување на однесувањето на младите во новонастанатата ситуација. Оваа констатација се однесува и на сознанијата и заклучоците до кои дојдоа истражувачите во Институтот за политичко-правни истражувања во испитувањето на идејните и вредносни ориентации на младите во СРМ (1989 год.). Свесни за тоа, самите истражувачи истакнуваат дека поради радикалните промени и ослободувањето од идеолошките стеги, до кои дојде во нашата Република под влијание на креативното трагање на повеќето политички субјекти по решенија за излез од кризата, несомнено доведе во овој период до застарување на сите видови сознанија во однос на актуелната политичка свест на луѓето.

Во таа смисла тие нагласуваат дека дел од податоците за идејните и вредносните ориентации на младите од пред две години, денес имаат вредност само како сознанија за почетна позиција во свеста од која се тргна во радикалните општествени реформи. Се мисли пред сè на односот на младите кон политичкиот плурализам, односно повеќепартискиот систем, општествената сопственост, самоуправувањето и другите вредности кои во периодот од овие две години доживеаа свое редефинирање и чие место се менува во хиерархијата на општествените вредности. Дали се случија промени во интересниот и вредносен систем на младите, какви промени настанаа, што се случи во свеста на младите под влијание на најновите промени и во која мерка квалитативно новата свест на младите постанува покренувач или иницијатор на идниот општествен развиток, се основни прашања кои се и предмет на ова истражување.

Без претензии на целосно и потполно идентификување на сите настанати промени, низ еден компаративен приод, ќе се обидеме да укажеме на настанатите промени во вредносниот систем на младите во периодот на засега најголемите општествено-политички промени кај нас, периодот од претходната и тековната година.

## Истражување

Поимите содржани во предметот на истражувањето (интереси, вредности и вредносни ориентации), се користат со слично но и со различно значење во повеќе истражувања. Затоа, сметаме за потребно, по изнесувањето на неколку покарактеристични сфаќања, да го определиме значењето во кои тие се користат во ова истражување.

Олпорт (1961) и Морис (1956), се обидуваат многубројните специфични вредности да ги сведат на ограничен број општи вредности, од кои секоја може да се јави кај голем број поединци. Олпорт разликува шест општи вредности кои ги нарекува вредносни

ориентации (политичка, социјална, теоретска, економска, естетска и религиозна). Според него, вредностите укажуваат на одредено релевантно однесување, па можат да се користат за објаснување на социјалното однесување. Кога поимот вредности се користи за објаснување на социјалното однесување, се мисли на оние вредности кои се општи диспозиции на социјалното однесување.

Рокич (1973), смета дека само оние диспозиции кои се централни за човекот можат да се сметаат за вредности.

Рот и Хавелка (1973), прават разлика меѓу поимите вредност и вредносна ориентација. Под поимот „вредности" подразбираат диспозиции кои се усмерени на цели чие остварување поединецот многу интензивно и континуирано сака да го оствари. Под „вредносни ориентации" подразбираат општ начин на живеење.

Во ова истражување овие термини ги користиме во следното значење: „интерес" како психолошка усмереност кон одредена содржина и подготвеност таа да биде предмет на делување; „вредноста" се одредува како диспозиција за одредено однесување и цел кон чие остварување е усмерено однесувањето, и „вредносна ориентација" како субјективен однос, но и принцип на однесување и делување кон општествено важни појави.

## Цел

Нашето истражување во најголем дел има експлоративен и дескриптивен карактер, а помалку експликативен. Неговата основна цел е преку испитување на интересите и вредностите на младите да го утврди постоењето и развиеноста на неколку вредносни ориентации меѓу кои: политичката, работната, (делувачката), алтруистичката, хуманистичката, уметничката, материјалната и религиозната.

Посебните цели се однесуваат на:

— утврдување на присуството и раширеноста на појавните форми на одредени интереси и вредности кај младите;

— степенот на вреднување на истите;

— нивната постојаност или променливост и зависност од настанатите општествено-политички и економски промени.

Појдовна *претпоставка* е: општествените и други промени во земјата, а особено во Републиката доведоа и до промени во вредносниот систем на младите.

1. Изменет е интензитетот на одредени интереси и вредности и нивната приоритетност на ранг-листите кај испитаниците од претходното и сегашното испитување;

2. Промените во вредносните ориентации како субјективен однос кон одредени појави, можат да доведат и до промени во односот на младите кон тие појави.

На оваа претпоставка нè наведе фактот, што иако системот на вредности се формира во долгиот процес на социјализација во која значајна улога имаат семејството, училиштето, врсниците, општествените организации, средствата за масовна комуникација и дру-

ги агенси, сепак содржината на социјализацијата ја одредува општествениот систем, и промените во него можат да доведат и до промени во вредносниот систем на младите.

## Испитаници

Поаѓајќи од сознанието дека системот на вредности се формира во периодот на адолесценцијата, сметаме дека е интересно да утврдиме кои вредности егзистираат во свеста на младите во овој период од развојот и какви вредносни ориентации тие формираат како принципи на однесување за реализација на тие вредности. Секако дека овој развоен период е подложен и на различни влијанија кои можат да доведат и до одредени промени во сферата на интересите и вредностите. Очекувајки промени во односот на младите кон одредени општествено значајни појави сакавме да го утврдиме редот на приоритет на вредностите во моментот на отфрлање на одредени вредности кои егзистираа долги години, а кои не се заменети со нови.

Примерокот на испитаници го сочинуваат ученици на возраст од 15 до 19 години од кои: 145 од осмите одделенија на основните училишта „Кристијан Тодоровски Карпош" и „Мирче Ацев" и 155 ученици од IV клас на Училиштата „Јосип Броз Тито" и „Зеф Луш Марку". Испитувањето е извршено во јуни 1991 год.

## Инструменти

Применети се класични прашалници за таа намена кои се користени во други слични истражувања како и во истражувањето што го спроведе Институтот за социолошко-правни истражувања.

Прашањата се групирани во неколку групи и се однесуваат на неколку вида интереси: политичка заинтересираност, интерес кон некои видови работни активности, за разни видови уметност, прифатливоста на вредностите на општественото живеење и интересот во врска со религијата и религиозните верувања.

Со инструментот што го користиме може да се утврди само за кои вредности испитаниците се декларираат, а не и кои стварно во секојдневниот живот ги реализираат. Покрај ова свесни сме и за постоењето на други методолошки ограничувања, кои ова, па и други вакви истражувања тешко можат да ги надминат, а тоа е влијанието на субјективноста во самооценувањето како постапка, од една страна, и неможноста со ова истражување да се проверат тие самооцени преку објективни показатели. Од тие причини, сметаме дека проблемот на вредносниот систем на младите не е опфатен во неговата потполна поврзаност со сите општествени појави и во сите нивоа на неговото манифестирање, што не е можно и изводливо и во многу поголеми и посеопфатни истражувања. Затоа врз основа на овие податоци, ќе се обидеме да добиеме што попотполни податоци за испитуваните појави, кои иако можеби не се најопшто-

важечки заклучоци, сепак упатуваат на постоење на одредени тенденции во вредносниот систем на младите и тоа кај еден значаен дел млади-учениците, и ќе понуди повеќе интересни податоци за расправа по оваа тема.

## Резултати и дискусија

Како што истакнавме, популацијата од која го избравме примерокот е во специфичен развоен период-период во кој се стекнува социјалната, емоционалната зрелост и се формира моралната свест. За оваа млада генерација за разлика од претходните е карактеристично и тоа што повеќе од кога и да е ѝ се нудат различни модели на политичко и друго однесување. Нивната недоволна зрелост и сеуште неизградените општествени вредности како замена за оние кои се напуштени, ги прави младите збунети и дезориентирани во настаните кои секојдневно се сѐ побројни. Сеуште не постои изграден систем на норми и стандарди на однесување. Значаен број на поранешните се напуштени, а не се заменети со нови. Постоеја стандарди за јавно однесување, сега значаен дел од нив не се почитуваат. Затоа и воспитанието за национална толеранција и корисноста од неа.

Имајки го сето ова во вид, сметаме дека нашите испитаници во процесот на формирање на идејната и вредносната структура наидуваат на значајни тешкотии кои не беа карактеристични за генерациите пред нив. Според тоа и сликата што ќе ја добиеме за нивните интереси, вредности и активности ќе биде специфичнна и ќе го одразува времето во кое е извршено испитувањето. Посебен белег на оваа време даваат и последните настани во Југославија, кои предизвикаа зголемена политичка активност и кај младите.

Дали сериозните политички настани кои се наша секојдневица, доведе до промени во политичката свест и однесувањето на младината, која во претходните истражувања беше окарактеризирана како аполитична, дезидеологизирана и со неконвенционално политичко дејствување, е прво од прашањата поставени во ова истражување.

## Политичка заинтересираност и политичка активизација[1] на младите

Преку испитувањето на присутноста на некои облици на политичка заинтересираност и активизација на младите (според нивните кажувања), ја испитуваме политичката вредносна ориентација[2]

---

[1] Политичкиот активизам се проучува под разни називи — често општ назив „политичко однесување“ и „политичка партиципација“, или како „политички активизам“ (Пантиќ и др. 1984, Кузмановиќ и др. 1987).

[2] Освен политичкиот активизам како стварно однесување, се истражува и субјективниот однос спрема активизмот, било тој однос да се нарекува став, интересирање или вредносна ориентација (Кузмановиќ. Б, 1990, с. 30). За интересирањето на младите за политика Пантиќ (1981) го употребува терминот „политичка партиципација“.

кај нив. Политичката заинтересираност се мери преку следните показатели: информираноста за политичките настани, присуството на политичка комуникација во секојдневниот живот и членувањето во некоја политичка партија.

Политичката активност се испитува преку: личното настојување во убедувањето на другите за некое свое гледање на политичките настани, посетувањето на јавни трибини, разговори, предавања за политички настани, учество во штрајкови, митинзи, демонстрации, учество преку јавни гласила да се запознае јавноста со нивното мислење итн.

Нашите очекувања беа дека поради сè посериозната политичка ситуација во земјата, политичката заинтересираност и активираност на целото население па и на младите е значајно зголемена.

Добиените резултати споредени со резултатите до кои дојдоа истражувачите од Институтот за социолошко-правни истражувања, се прикажани на табела 1.

Табела 1

ПРИСУСТВО НА НЕКОИ ФОРМИ НА ПОЛИТИЧКА ЗАИТЕРЕСИРАНОСТ И ПОЛИТИЧКА АКТИВНОСТ НА МЛАДИТЕ

| | Често | | Понекогаш | | Никогаш | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1989 | 1991 | 1989 | 1991 | 1989 | 1991 |
| Читање статии во весниците за политичките настани и процеси | 40,9 | 51,3 | 48,7 | 45,0 | 10,4 | 3,7 |
| Следење на ТВ емисии од областа на политиката | 39,9 | 56,8 | 51,7 | 41,1 | 9,0 | 2,1 |
| Водење разговори со другарите за политичките збиднувања | 33,6 | 62,6 | 52,7 | 31,5 | 13,7 | 5,9 |
| Лично настојување во убедувањето на другарите за некое свое гледање | 19,9 | 56,1 | 51,7 | 29,0 | 28,4 | 14,9 |
| Посетување јавни трибини, разговори и предавања за општествено-политички настани | 17,1 | 19,4 | 30,3 | 31,9 | 52,6 | 48,6 |
| Учество во штрајкови, митинзи, демонстрации | — | 12,9 | 16,0 | 55,5 | 83,1 | 29,0 |
| Учество преку јавни гласила за запознавање на јавноста со вашето мислење | 3,1 | 8,6 | — | 11,8 | 96,9 | 79,6 |

Податоците од првиот дел на табелата (кои ја покажуваат политичката заинтересираност на младите), укажуваат на тоа дека дошло до одредено зголемување на овој вид интереси,* но тоа не

* т = 2,09 (значајно на ниво 0,05).

е високо значајно. Меѓутоа, податоците од вториот дел на табелата (кои се однесуваат на политичката активност), зборуваат за значајни разлики во степенот на политичката ангажираност на младите опфатени со ова истражување, во однос на оние од претходното* Значајно се зголемил бројот на млади кои учествуваат во митинзи, демонстрации, се зголемиле и активностите на младите за запознавање на јавноста со нивните мислења, додека пак посетувањето на јавни разговори, предавања за општествено-политички настани по процентот на присуство на младите не се променил.

Ваквите резултати упатуваат на заклучокот дека не дошло до значајно зголемување на интересот за политика, но се зголемил бројот на политичките активности на младите. Можеби ваквите резултати се продукт од презаситеноста со политички информации, често и контрадикторни и неточни, што негативно влијае врз интересот кон политичките настани. И зголемената политичка активност секако е одраз на денешното време. За разлика од пред две години, младите денес можат јавно да го изразат своето незадоволство со општествено-политичките активности на раководната структура, што влијае и за зголемувањето на нивните политички активности.

Интересно е да истакнеме, што е во склад и со нашите очекувања, постоењето на значајна разлика во степенот на политичката активност меѓу учениците од помалата возрасна група (осмоодделенците) и постарите (гимназијалците). Повозрасните презеле значително поголем број активности за изразување на своите политички и други мислења, ставови и убедувања**. Тие многу почесто разговараат за политички прашања, учествуваат на митинзи, особено во општествено-политичките манифестации во кои го изразуваат својот став за мирно и цивилизациско решавање на настанатата општествена и политичка криза. Некои од нив се и организатори на разни активности од ваков вид. Овие активности се можеби и логична последица од нивната загриженост од воената ескалација и кризата која што тие веќе сериозно ја чувствуваат и сакаат да бидат активни учесници во разрешување на истата.

Запрашани за тоа дали се членови на некоја од повеќето политички партии во Републиката, учениците одговориле потврдно само 0,01% од испитаниците, а мал дел од нив истакнале дека се симпатизери на одредена партија, но дека сеуште немаат намера да постанат членови на истата. Тоа значи дека кај учениците, што е и очекувано, системот на политички вредности е сеуште во фаза на диференцирање, а за нивно политичко определување во овој период не може да се просудува. Ова пред сѐ, затоа што идеологијата во која со години младите се воспитувани и во која веруваа, последната година е сосема отфрлена и жестоко критикувана дури

---

* т = 10,80 (значајно на ниво 0,01).

** Во табелата 1 се презентирани вкупните резултати, односно резултатите за двете групи.

и од значаен дел нејзини носители. Нова водечка идеологија не е изградена и секако ќе помине значаен временски период во кој ќе се издиференцираат понудените идеолошки проекти на постојните политички партии.

Овој период, би рекле, е период на политичка дезидеологизација на младите. Тоа е период во кој е значаен бројот и на идејно неопределените и меѓу возразните, посебно меѓу учениците. Кај сите постои висок степен на колебање во однос на прифатливоста на понудените идеолошки програми за промена на општествените и политичките услови во Републиката и за подобра иднина.

Од досега изнесеното за политичката вреднносна ориентација кај младите, може да се заклучи дека губејки ја довербата во претходниот идеолошки систем, тие се определија за политичка неутралност во сегашниот период на политички промени. Тие сакаат да бидат активни учесници во општествено-политичките промени, но таа своја цел повеќе сакаат да ја реализираат низ преферирање на други вредности од животот. Нивниот интерес е повеќе усмерен кон материјалните, духовните добра. Тие членуваат во неформални организации и друштва како што се еколошкото, лигата за мир, во разни хуманитарни организации во кои активно учествуваат.

Сметаме дека периодот кој наидува е период на диференцирање и осознавање на повеќе вредности па и на политичките. Во тој процес особено е значајна улогата на училиштето во формирањето на вредносниот систем на учениците.

## Интересирањата на младите за некои видови работни активности

Една од целите на ова истражување е и откривањето на работната вредносна ориентација на младите. До овие сознанија дојдовме преку испитување на интересите за разни видови активности и степенот на нивната изразеност. Затоа кон листата на активности е дадена и скала на процена со пет степени на прифаќање-неприфаќање на одредена активност. Испитаниците според сопственото определување го одредуваа степенот на нивното интересирање за одредениот вид работна активност. Високо изразениот интерес кон одредена активност кој на скалата е обележен со „многу ме интересира“, упатуваше на постоење на вредносна ориентација кон таа активност.

Видот и интензитетот на интересите на поединецот зависат од голем број фактори: надворешни (развиеноста на средината во која пооединецот живее), внатрешни (способностите и особините на личноста). Постоењето на одреден интерес најчесто е предуслов за избор на таква активност, но интересот може да се јави и како резултат на занимавањето со таа активност. Интересот е и услов за успешно обавување на активноста.

Какви интереси, кон кој вид на дејности постојат кај учениците и дали дошло до промена во преферираните активности во

текот на изминатите две години, се прашања на кои ќе се обидеме да одговориме во овој дел од истражувањето.

Добиените резултати и резултатите до кои дојдоа истражувачите на Институтот во претходниот период се прикажани на наведената ранг листа.

## РАНГИРАЊА НА ИНТЕРЕСИТЕ:*

| Ранг 1989 | | 1989 | 1991 | Ранг 1991 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Љубов кон луѓето | 65,0:16,3 | 80,0:14,8 | 5 |
| 2. | Екологија | 60,0:21,7 | 83,5:11,9 | 4 |
| 3. | Раѓање и подигање деца | 59,5:18,4 | 77,4:19,0 | 7 |
| 4. | Медицинска помош нега на болни | 55,2:24,4 | 84,8:21,3 | 2 |
| 5. | Произведување и стекнување материјални богатства | 53,6:25,1 | 87,1:11,6 | 1 |
| 6. | Домаќинство | 49,9:35,7 | 71,0:27,1 | 8 |
| 7. | Машини, компјутери | 49,0:30,3 | 67,7:28,4 | 10 |
| 8. | Самостојна изработка на предмети | 46,4:36,5 | 60,7:35,4 | 11 |
| 9. | Работа врз патенти | 45,4:37,1 | 69,7:31,9 | 9 |
| 10. | Психологија | 42,0:37,1 | 83,8:13,5 | 3 |
| 11. | Јазик, говор, реторика | 36,9:35,8 | 79,9:14,6 | 6 |
| 12. | Војска | 35,1:45,9 | 52,8:40,0 | 15 |
| 13. | Природа, археологија, општество | 31,6:43,0 | 55,8:32,9 | 13 |
| 14. | Филозофија, наука, логика | 28,9:47,0 | 60,6:38,0 | 12 |
| 15. | Канцелариски работи | 28,4:53,7 | 37,4:60,9 | 16 |
| 16. | Моќ, раководење, политика | 26,3:52,0 | 52,9:43,2 | 14 |
| 17 | Живот и работа на село | 26,0:56,1 | 27,1:67,7 | 17 |
| 18. | Решавање проблеми, формули, геометрија | 24,1:58,6 | 26,3:64,2 | 18 |

(6,9% од испитаниците, во просек, на поставените прашања биле неодлучни).

Врз основа на резултатите од рангирањето на интересите можат да се изведат некои општи заклучоци: првиот е дека кај младите од двете испитувани групи преовладува интересот кон општо човечки, хуманистички и алтруистички активности; вториот, дека во изминатиот период дошло до одредено менување во редоследот на приоритетните активности, така на прво место кај сегашните испитаници се интересите кон производните активности. Второто место (кај претходните испитаници четвртото) им припаѓа на хуманисти-

---

* На испитаниците им беа понудени 18 видови на работни активности; за секоја од нив се определуваа на скалата од пет степени и тоа: „воопшто не ме интересира", „главно не ме интересира", „незнам", „главно ме интересира" и „многу ме интерсира". Заради добивање на ранг листата за степенот на интересирање, направено е спојување на процентите помеѓу првиот и вториот и четвртиот и петтиот модалитет.

чките-младинска помош и нега на болни, а третото (кај претходната група десетто) е на интересот за духовниот живот, психологија. Следува интересот за екологија-зачувување на околината, љубов кон луѓето до жртвување кон оние во неволја, болни, инвалиди, напуштени, сиромашни, значи пак еден изразито алтруистички интерес. Во рангот на интереси кај групата од 1989 година алтруистичките интереси имаат неприкосновено прво место. Секако дека долгогодишната општествено-економска криза довела и до развивање на алтруистички интереси, што е и резултат на воспитното влијание во семејството и училиштето.

Меѓутоа, кризата во општеството кај младите предизвика и страв од иднината, излезот од неа почнаа да го гледаат пред сè во зголемување на производството, на материјалните добра. Ваквиот интерес има и своја егзистенцијална димензија.

Можеме да заклучиме дека кај учениците преовладало едно реалистичко економски исправно гледиште кон прашањата сврзани за стекнување материјални добра и отфрлање на неработењето. Си чини животната реалност во овој период ги истакна вредностите како што се: знаење, креативност, иницијативност во работата итн.

Уште еден од хуманистичките интереси зазема значајно место на листата-интересот за раѓање и подигање деца и интересот за работите во домаќинството. Овие интереси многу повисоко котираат кај групата испитаници од 1989 год. што е и очекувано, бидејки во таа група на млади значаен дел од нив се на повисока возраст од нашите испитаници[3]. Меѓутоа, седмото и осмото место што го делат овие интереси и кај оваа група, зборува за значењето на овој интерес и за учениците. Овие интереси, присутни кај младите од двете групи, иако се настојува да се објаснат во врска со сексуалните интереси, ги демантираат тврдењата во врска со негативниот став на младите кон бракот и семејството.

Зголемената потреба на младите за меѓусебна интеракција го истакна и интересот за јазик, говор, реторика. Оттуѓеноста сè повеќе ги застрашува младите, поради што тие чувствуваат потреба за меѓусебни контакти и комуникации.

Ниско на рангот и кај двете испитувани групи се интересите за канцелариски работи, за моќ и раководење (што се покажа и во претходното истражување), животот и работата на село, интересот за војска, живот во армија, воена техника и вештина. Повеќето од овие интереси покажуваат уште понегативен тренд.

## Интереси на младите за разни видови уметничко творештво

На листата на активности се наоѓаа и 8 активности од областа на творештвото, културата и уметноста.

Од искажаниот интерес кон овие активности се добива впечаток дека учениците покажале доминантен интерес кон читањето

[3] Примерокот од испитувањето во 1989 г. го чинат 700 испитаници на возраст од 15 до 27 години.

на добра книга и кон физичката активност, телесното вежбање, натпреварувањето.

РАНГ ЛИСТА НА ИНТЕРЕСИРАЊА

| Ранг 1989 | 1989 | 1991 | Ранг 1991 |
|---|---|---|---|
| 1. Физичка култура | 64,4:22,6 | 79,3:15,4 | 2 |
| 2. Книги, пишување | 59,1:26,2 | 86,4: 9,1 | 1 |
| 3. Народна музика | 47,5:36,3 | 57,4:40,1 | 7 |
| 4. Театар, филм, балет, режија | 45,1:38,8 | 71,9:14,2 | 4 |
| 5. Музеи, археологија, историја | 44,5:35,6 | 65,8:32,9 | 6 |
| 6. Сликарство, вајарство архитектура | 33,4:47,7 | 72,9:23,7 | 3 |
| 7. Класична музика | 31,4:51,3 | 68,4:33,9 | 5 |

(5,6% од испитаниците, во просек, на поставените прашања биле неодлучни).

Интересите и кај двете групи за првите две активности се совпаѓаат. Рангот за другите културно-уметнички интереси се разликува. Значајна е разликата меѓу групите во интересот што го покажуле кон народната музика. Кај младите од 1989 год. овој интерес е високо котиран, а кај учениците се наоѓа на претпоследно место. Се чини дека тоа е резултат на значајните возрасни и социо-културни разлики меѓу испитаниците од едната и другата група[4]. Учениците, значајно ги привлекуваат и активностите во врска со сликарството, вајарството и архитектурата.

Општ заклучок по ова излагање би бил дека интересирањето на младите кон разни видови уметничко творештво не е значајно променето во изминатиот период.

## Интересирање на младите за разни видови забава и користење на слободното време

Интересирањето на учениците за забава и користењето на слободното време се оценуваше низ 7 видови забава и содржини за користење на слобдното време.

Карактеристиките на активностите кое се означени како забавно рекреативни, се и образовно-креативни и рекреативни бидејќи одмораат и разонодуваат.

[4] Примерокот од испитувањето во 1989 г. е составен од испитаници кои потекнуваат од различни средини и од повеќе места во Републиката.

Примерокот од испитувањето во 1991 г. е составен само од испитаници од Скопје.

РАНГ — ЛИСТА НА ИНТЕРЕСИ ЗА ЗАБАВА

| Ранг 1989 | 1989 | 1991 | Ранг 1991 |
|---|---|---|---|
| 1. Склоност кон спротивниот пол | 74,0:12,0 | 82,9:14,2 | 4 |
| 2. Комично, смешно | 71,3:14,7 | 90,3: 5,8 | 1 |
| 3. Дружење, седенки, разговори | 69,7:15,3 | 88,4: 6,3 | 2 |
| 4. Провод, јадење, пиење | 57,6:28,5 | 83,2:12,2 | 3 |
| 5. Авантури, опасни потфати | 39,6:40,0 | 72,2:25,1 | 5 |
| 6. Комар, игри на среќа | 19,5:67,4 | 37,3:60,0 | 7 |
| 7. Живот без одговорност | 14,3:72,1 | 43,6:51,3 | 6 |

(7,% од испитаниците, во просек, на поставените прашања не одговориле).

Од приложената ранг листа се гледа дека највисок интерес учениците покажале кон комичното, смешното, па кон активностите кои се исполнети со дружење, седенки, разговори. Тоа е во склад и со нивните интереси во претходната листа. Тие покажуваат интерес и за провод и забава, особено за забави од масовен карактер. Забавата се чини, за младите претставува и бегање од политичкото секојдневие и политичката апатија и на одреден начин служи за опуштање и за момент оддалечување од секојдневните проблеми. Овој интерес е дополнет и со желбата за авантури и опасни потфати, што е, се чини, и една од поистакнатите потреби на младите луѓе. Овие интереси се подеднакво присутни и кај двете групи испитаници.

На долниот дел од ранг-листата, односно како најнепожелни и за двете групи се игрите на среќа, комар и животот без одговорност. Ова е уште една потврда на нашата претпоставка за сериозноста во размислувањето на сегашната млада генерација, која се чини, во потполност ја сфаќа настанатата општествена ситуација. Ваквиот став на младите е и потврда на нивната претходно изразена определба кон работа и производство на материјални добра, низ што може и да се очекува подобрување на животните услови.

## Интересирањата на младите во врска со религијата и религиските верувања

Настанатите промени во идеологијата се одразија и на ставот кон религијата и кон религиските верувања. Денес кога младите слободно можат да посетуваат верски обреди или да учествуваат во нив, интересно е да се утврди дали нивниот интерес се зголемил во однос на интересот кој постоеше кај претходната генерација млади.

Досегашните испитувања на интересите на младите за религијата укажуваат на постоење мал интерес за оваа област. На тоа укажуваат и резултатите на едно вакво истражување за овие интереси кај младите од разни подрачја на Југославија. Во Југославија во

просек се покажало дека само 7,5 од младите покажувале вакви интереси. Кај македонската младина тој број е поголем и изнесува 23,9, кај младите Албанци, 32,5%, кај младите во Војводина и Србија 9% итн.* Тоа е секако последица од атеистичкото воспитание на младите и малото познавање што тие го имаат за оваа област.

Бидејќи последната година настанаа значајни промени, дури се бараа и дополнувања на наставните програми во училиштата со изучување на веронаука, очекуваме дека ќе се јават разлики во степенот на изразеност на интересот на младите кон оваа област.

Табела 2

ИНТЕРЕСИРАЊАТА НА МЛАДИТЕ ВО ВРСКА СО РЕЛИГИЈАТА И РЕЛИГИОЗНИТЕ ВЕРУВАЊА

| | Не ги интересира | | Не знаат дали ги интересира | | Ги интересира | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1989 | 1991 | 1989 | 1991 | 1989 | 1991 |
| Претраскажување, астрологија, хороскопи, телепатија | 50,3 | 12,9 | 20,7 | 5,2 | 29,0 | 81,8 |
| Сè што е во врска со верување во постоење и моќта на Господ, вршење на верски обреди, одење во црква или џамија, молење, постење | 63,7 | 48,9 | 18,9 | 4,6 | 17,4 | 46,4 |

Податоците од табелата ја потврдија претпоставката за зголемен интерес кон религијата и религиските верувања кај младите од оваа испитувана група — учениците. Значајно пониските интересирања кај претходните испитаници се одраз, како што веќе рековме на постојниот негативен став на младите кон овие прашања и доминантното атеистичко определување.

Интересот на младите за астрологија, хороскопи, претскажување и други верувања е значајно поголем од нивното верување во постоењето и моќта на Господ, одењето во црква, молењето, постењето. Веруваме дека овие интереси се поттикнати и од енормно зголемената понуда на книги и списанија посветено на овие содржини. Можеби е тоа до одреден степен одраз и на зголемената несигурност и загриженост за сопствената иднина, незадоволството од животната реалност итн.

* Група аутори. Положај свест и понашање младе генерације у Југославији, ИДИС, Београд/Загреб, 1986, стр. 114.

Овие претпоставки упатуваат на поставување прашањето за тоа како младите ги прифаќаат вредностите на општественото живеење, што е и следното прашање поставено во ова истражување.

### Вредности на општественото живеење кај учениците

Вредностите како цели што поединецот настојува да ги оствари се значаен детерминатор и на неговото однесување. Затоа откривањето на вредностите на општественото живеење кои испитаниците ги сметаат за пожелни и се стремат кон нивно остварување, е значајно за предвидување на нивното однесување кон одредени општествени појави. Вредностите создаваат одредена ориентација во човековото однесување и неговите активности.

Системот на вредности се стекнува од најраните години но интензивно се гради во адолесцентниот период. Утврдувајќи го системот на вредности кај учениците и нивните вредносни ориентации што тие ги прифаќаат како принципи на однесување за реализација на тие вредности, ќе добиеме сознанија за тоа дали промените во вредносниот систем кои се случија во нашата земја, довеле и до промени во вредносниот систем на младите.

Табела 3

ПРИФАТЛИВОСТА НА ВРЕДНОСТИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ЖИВЕЕЊЕ КАЈ МЛАДИТЕ

| Вредности ранг 1989 | Мошне пожелно 1989 | Мошне пожелно 1991 | ранг 1991 |
|---|---|---|---|
| 1. Приватност (да се живее мирно во кругот на семејството и пријателите | 57,0 | 57,4 | 1 |
| 2. Материјална положба (доста пари, стан) | 55,6 | 55,0 | 3 |
| 3. Професионален успех (да се стане познат во своето занимање или струка, по резултатите од трудот) | 53,2 | 55,5 | 2 |
| 4. Доколица (разонода забава по волја) | 44,4 | 23,2 | 8 |
| 5 Осамостојување (да се биде господар и да се занимаваш со она што го сакаш) | 36,4 | 41,1 | 5 |
| 6. Угледна општествена положба | 29,6 | 26,4 | 7 |
| 7. Медиски успех (да се стане познат во спортот, музиката, забавата) | 26,6 | 21,9 | 9 |
| 8. Националност (да се изразува својата национална припадност и да се биде верен на нацоналната традиција) | 25,9 | 54,8 | 4 |
| 9. Власт (да се дојде до раководна функција) | 21,3 | 14,2 | 11 |
| 10. Политичко потврдување (да се потврди во работата на ОПО) | 20,1 | 14,8 | 10 |
| 11. Вера (да се живее во склад со сопственото верско учење) | 12,6 | 34,8 | 6 |

Промените на односот на младите кон повеќе општествени проблеми започна неколку години наназад. Тоа се покажа и во истражувањето од 1989 година, но поизразени промени во вредносниот систем се чини настанаа особено последната година. Дали ќе се јават одредени разлики во преференцијата на одредени вредности кај испитаниците од 1991 во однос на оние од испитувањето од 1989 година, и на кои области од животот ќе се однесуваат ќе покажат резултатите на табелата 3.

На листата се застапени 3 вида на вредности и тоа:

— вредности чија цел е самодокажување во најразлични области;

— вредности врзани за општествено-политичката активност; и

— традиционални вредности.

Прифатливоста на вредностите се определува низ четири степени (непожелно, главно непожелно, главно пожелно и мошне пожелно).

На табелата овие вредности се рангирани според највисокиот ранг на прифаќање.

Податоците од табелата упатуваат на неколку заклучоци: првиот е дека во горниот дел од листата нема значајни разлики во приоритетноста на вредностите кај двете групи. Разликите се јавуваат во долниот дел на листата — меѓу помалку пожелните вредности за првата група кои се значајно попреферирани од втората. Вториот заклучок е дека и кај двете групи високо се преферираат вредностите кои обезбедуваат приватност, професионален успех и обезбедување на материјалната положба. Значи, индивидуалноста во мислењето, претпоставувањето на личните интереси над општествените вредности е карактеристично определување кај двете испитувани групи.

До промена во приоритетот во изминатата година дошло кај следните вредности: националноста, изразувањето на својата националност, припадност и верност кон националната традиција, кои за испитаниците од ова испитување имаат значајно повисоко место на рангот. Втората, да се живее во склад со сопственото верско учење, исто така е многу повисоко изразена. Овие промени се до одреден степен предизвикани и со општествено-политичките настани во земјата. Сè позначајното истакнување на националната и верската припадност, не само кај постарите, туку сè повеќе и кај младите, е можеби резултат од чувството на индивидуална и национална загрозеност, што некои од политичките партии постојано ја истакнуваат.

Интересно е што вредноста како што е власт, интересот за раководење и доминација, како и интересот за политичките вредности се наоѓаат најниско на ранг листата. Така, за младите успехот во спортот, забавата, уметноста се попожелни од вредностите врзани за политичките активности.

Од добиените сознанија за тоа кои и какви интереси и вредности егзистираат во свеста на младите можеме да заклучиме дека кај нив се изразени, пред сè индивидуалните интереси, кои овозможуваат успех во приватниот и професионалниот живот и стекнувањето материјални добра.

## Наместо заклучок

Ова истражување треба да се сфати како обид да се согледаат некои структурни обележја на вредносниот систем на младите и одредените промени кои настанаа како резултат од општествено-политичките и економските промени во Републиката.

Природата на истражувањето не овозможува донесување цврсти заклучоци, кои се можни само во комплексни истражувања, кои за жал на подрачјето на оваа проблематика ги има малку. Затоа заклучоците кои произлегоа од нашето истражување се повеќе дискусија за промените, чија основна цел е да предизвика размислување и можност за понатамошни истражувања, но и одредени укажувања за системот на вредности распространети кај младите кои можат да бидат релевантни за времето во кое живеат и да предизвикаат одредени активности кај нив.

Користејќи ги емпириските резултати од истражувањето на идејните и вредносните ориентации на младите во Македонија во 1989 г., овозможи извесни заклучоци и за промените во вредносниот систем, но мора да се истакне дека меѓу овие испитаници и испитаниците од нашето истражување постоеја повеќе разлики и тоа во возраста на групите, нивната социо-културна средина и други разлики, иако прашањата во применетите прашалници беа исти. Затоа во заклучоците ги земавме предвид само позначајните разлики во вредносниот систем, оние на кои постојните разлики во возраста и другите не можеа да имаат значајно влијание. За нас беше значајна временската димензија и настанатите промени во овој временски период.

Имајќи ги во вид сите ограничувања, сепак на крајот можеме да заклучиме дека општествено-политичките и други промени, кои особено интензивно се одвиваат последната година, доведоа до одредени промени во ставот на младите кон одредени активности. Иако нивниот систем на вредности е во фаза на недоволна диференцираност и во фаза на формирање, сепак добиените резултати од истражувањето укажаа на нешто поинаков тренд на интереси и вредности кон кои младите денес се стремат. Општествената криза која кај младите предизвика страв за иднината, ги истакна кај нив вредностите како што се знаење, креативност, иницијативност во работата, што се и најпозитивни вредности кои треба да се негуваат и развиваат и низ организиран воспитно-образовен процес, како би постанале значаен дел од системот на вредности на младите.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Врцан, С. (1989): „Савремена омладина и друштвене промене", во книгата „Омладина и политика", Марксистички међуопштински центар, СКХ, Сплит.
2. Гоати, В. (1979); Идеологија и друштвена стварност, Радничка штампа, Београд.
3. Група автори (1986): Положај, свест и понашање младе генерације у Југославији, ИДИС, Београд/Загреб.

4 Михајловић, С. (1989): Варљиви привид омладинске аполитичности, Зборник „Омладина и политика“, Марксистички међуопштински центар, СКХ, Сплит.
5. Голубовић, З. (1988): Криза идентитета савременог Југословенског друштва, Ф. Вишњић, Београд.
6. Кузмановић, Б. (1990): Структура активистичке оријентације, Психологија, бр, 1—2, с. 29—47, Савез друштва психолога Србије.
7. Олпорт и Морис (според Рот, 1987): Социјална психологија, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд.
8 Пантић Д. (1981): Развој и структура интересовања, во: Пантић, Д. и сарадници, Интересовање младих, ССО Србије, Београд.
9. Пантић, Д. (1981): Вредносне оријентације младих у Србији, ССО Србије, Београд.
10. Рокић. (1973) (цитирано од Рот, 1987): Социјална психологија, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд.
11. Рот, Н и Хавелка, Н. (1973): Националне вредности и вредности код средношколске омладине, Институт за психологију и Институт за друштвене науке, Београд.
12. Спасов, Г. и други. (1990): Идејните и вредносните ориентации на младите во СРМ, Институт за политичко-правни истражувања, Скопје.

Verica STAMENKOVA-TRAJKOVA

## INTERESTS, VALUES AND VALUABLE ORIENTATIONS IN ADOLESCENTS

(Summary)

The subject of this investigation is whether the current socio-political and other changes in the country brought to changes in the system of values in adolescents as well.

300 subjects from several secondary schools in Skopje, were questioned about their interests and values in general. The results obtained were compared with the results of an earlier investigation, two years ago, when these changes were initiated.

The value orientations investigated in this work were: political, altruistic, humanitarian, materialistic and business.

The results obtained lead to the conclusion that though most of the value orientations in adolescents are on developmental level, some values of social living range highest. Thev are: knowledge, creativeness and initiation.

These orientations should be further nourished and supported thus establishing desired value orientations in adolescents.

# ИСПРАВКА

Во минатиот број на Годишниот зборник, кн. 17—18 (43—44) за 1990—1991 год. уредуван од претходната Редакција, во трудот на д-р Томе Николовски „Сообраќајните несреќи: улогата на личноста" — се провлекле грешки.

Согласно писменото барање на авторот, во целост ја објавуваме авторовата исправка:

На страна 142, ред 44 стои: „Висок број на несреќи на скалата искуство изгледа дека е најпотентна варијабла . . .".

Истиот текст во ракописот гласи: „Висок скор на скалата ‚искуство' изгледа дека е најпотента варијабла . . .".

На страна 146 извршени се следниве измени:

Ред 17: „Со ендоставно собирање, потоа бил создаден псеудо ЕПИ број на несреќи". Според ракописот, текстот треба да гласи: „Со едноставно собирање, потоа бил создаден псеудо ЕПИ скор".

Ред 20: „Ајзенк подоцна се сложил со општиот превод на субјективните судови во ЕПИ број на несреќи. Самиот тој број на несреќите ги подвргнал на факторска анализа." Во ракописот беше предложен следниов текст: „Ајзенк подоцна се сложил со општиот превод на субјективните судови во ЕПИ скорови. Самиот тој, скоровите ги подвргнал на факторска анализа". Во ред 32 стои: „Навистина, со оглед на тоа како бројот на несреќите биле изведени!". Во ракописот овој текст изгледа вака: „Навистина, со оглед на тоа како скоровите биле изведени!".

На страна 152, ред 13 во објавениот текст стои: „. . . дека фреквенцијата на несреќи ќе се смали ако се евидентираат лицата што имаат висок Н и висок Е број на несреќи".

Во ракописот беше предложен овој текст: „. . . дека фреквенцијата на несреќи ќе се смали ако се евидентираат лицата што имаат висок Н и висок Е скор.

На страна 154, пасос 4 стои: „Кога се земаат предвид многу варијабли, со цел да се овраничена релијабилност. Дури и тогаш кога е користен опрегресија". Истиот текст треба да гласи: „Кога се земаат предвид многу варијабли, со цел да се оптимизира предвидувањето, вообичаена постапка е мултипла регресија. Како што е случај . . .".

На страна 158, последниот пасос, стои: „(2) Харано (Harano et al., 1975) нашол дека емоционалната стабилност, оценета со CIDAD е поврзана со ?". Во текстот е предложен следниов текст: „(2) Харано (Harano et al., 1975) нашол дека емоционалната стабилност, оценета со CIDAD е поврзана со несреќите".

На страна 159 ред 36 стои: „. . . лица што имаат висок број на несреќи на факторот екстраверзија и висок број на несреќи на факторот неуротичност . . .". Истиот текст во ракописот гласи: „. . . лица што имаат висок скор на факторот екстраверзија и висок скор на факторот неуротичност . . .".

## „МАКЕДОНИЈА ТАБАК" А.Д.
**експорт-импорт**
**Скопје**

**претпријатие во мешовита сопственост за промет со тутун, цигари и други производи.**

Традицијата на производство на тутун во Република Македонија датира од XVI век, од времето на Отоманската империја. При тоа на почетокот од веков се модифицирале три специфични ориентални типови тутун со врвен квалитет, познати на светскиот пазар:

„ЈАКА" — портокалово-жолта или црвенкасто-жолта боја со фино, нежно и еластично ткиво. При пушењето има пријатна, префинета и заоблена арома. Ниска содржина на никотин.

„ЏЕБЕЛ" — светло-лимонеста до светло-црвена боја, кадифеста, мека и сјајна површина на листовите. Фино, тенко, нежно и еластично ткиво; специфична и племенита арома. На пушење е благ и мек со ниска содржина на никотин.

„ПРИЛЕП" — ситни, содржајни и смолести листови со жолта до портокалова боја, фино ткиво со добра вододржна способност, еластичност и физичка отпорност. Пријатна и интензивно пробивна арома со благ вкус и умерена силина на пушење.

Сортната чистота и одржувањето на квалитетот на тутунот е постојана грижа на реномираните научници од Институтот за тутун од Прилеп, основан во 1924 година. Со производство на тутун во Република Македонија се занимаваат 30.000 семејства, а во преработката, производството и прометот на цигари работат околу 8.000 работници. Тутунското стопанство во Републиката е организирано во рамките на Сложеното претпријатие „Југотутун" во кое покрај **„Македонија Табак"**, како единствено прометно претпријатие, членуваат уште 18 претпријатија за производство на тутун, 3 фабрики за производство на цигари, неколку претпријатија што вршат други дејности и Институтот за тутун.

**„Македонија Табак"** е извозник на ориентални тутуни со врвен квалитет и сортна чистота во преку 20 земји, меѓу кои: САД, Германија, Швајцарија, В. Британија, Италија, Холандија, Јапонија и други.

**„Македонија Табак"** е присутна во целиот југословенски простор во прометот со тутунски преработки, во прв ред цигари. Таа учествува во вкупната реализација на цигари на овој простор про-

сечно со 27%. **„Македонија Табак“** го врши прометот на двете најпродавани марки — „Лорд“, со просечен пазарен обем од 11% и „Партнер-85“, со просечен пазарен обем од 8%.

**„Македонија Табак“** располага со претставништва, магацини и складишта за квалитетно работење и гарантирана испорака на високо квалитетни тутуни, цигари и други производи, со кои се покрива територијата на сите југословенски републики.

●

In the Republic of Macedonia the tobaccos growing is a tradition that dates since the Ottoman Empire. At the begining of our century three very specific types were modified with a top quality, which are known on the international market, as follows:

»YAKA« — full-bodied and aromatic tobacco of good colour, orange to yellow or redish to yellow, with fine flexible leaves. During smoking it has pleasent and fine aroma. It containes a low percentage of nicotine.

»DJEBEL« — fine, gentle, thin and elastic body with specific and refined aroma and with light lemon to light red colour. During smoking has soft aroma with low percentage of nicotine.

»PRILEP« — Small, rich resines leaves, from yellow to orange in colour, with fine and elastic body, capable of retaining moisture and physical endurance. It has soft and sweet smoking taste with pleasent and intensive aroma.

The care for the purity and the quality of the tobaccos are in the hands of the renowned scientists from the Tobacco Institute in Prilep, which was established in 1924.

In the Republic of Macedonia 30.000 families grow tobaccos and 8.000 employees work on the fermentation of the tobaccos, cigarettes production and trade.

The tobacco economy is organized in the frame of the Composite Organization of Assaciated Work »Jugotutun« and **»Makedonija Tabak«** as a member, being the only trading enterprise. There are 18 enterprises — members for tobacco production, 3 cigarette industries and the Tobacco Insitutute.
the Tobacco Institute.

**»Makedonija Tabak«** exports top-quality tobaccos with high purity of types in more then 20 countries: United States of America, Germany, Switzerland, Great Britain, Italy, Holland, Japan and others.

On the market of the territory of Yugoslavia, **»Makedonija Tabak«** is present with the tobacco products trade, and with the cigarettes trade the most. 27% of the total realization of cigarettes on this market is performed by **»Makedonija Tabak«**, the two most demonded cigarettes brands — »LORD«, with an average market procentage of 11% and »PARTNER—85« with an average market procentage of 8%.

**»Makedonija Tabak«** has representative offices and warehouses which guarantee good quality work and delivery of top-quality tobaccos, cigarettes and other products, by which the territory of all Yugoslav Republics is covered.